Јавна општинска установа за деца-Детска градинка “Гонча Туфа“-Крушево
*e-mail: gradinkakrusevo@yahoo.com*
*web: gradinkagoncatufa.eu.mk*

# Г О Д И Ш Н А   П Р О Г Р А М А

## за работа на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка “Гонча Туфа”-Крушево за учебната 2023/2024 година







*Крушево, септември 2023 година*

## ВОВЕД

Јавната општинска Установа за деца-Детска градинка "Гонча Туфа"-Крушево е установа која организира дејност од јавен интерес согласно Законот за заштита на децата .

Основна задача на Установата е да обезбеди оптимални услови за згрижување, воспитание и образование на деца од 0 до 6 годишна возраст, односно до поаѓање на училиште.

Целта на детската градинка е во сообразност со психолошко-педагошките сознанија и општествените можности на најмладата генерација да и обезбеди здраво, среќно детство, како и оптимален физички, интелектуален, емоционален, социјален и морален развој и подготовка за најраното натамошно воспитание и образование.

Развојот и напредокот на предучилишното дете е сложен и комплексен процес, а се остварува со континуирано влијание на средината врз неговите диспозиции, со адаптирање на детето кон барањата на средината, како и со негово активно и творечко однесување и ангажирање.

Според тоа во Установата се згрижени деца од јаслена возраст и деца со целодневен и полудневен престој-градинка. Обезбедувајќи ги сите услови за опфат на децата, а во склад со педагошките и научните достигнувања, со организиран систем на методи и содржини ќе се влијае:

-врз физичкиот и сензомоторниот развој на децата,
-социјално емотивниот развој,
-интелектуалниот развој,
-комуникација и творештво.

Годишната Програма за работа со деца од предучилишна возраст е документ од јавен карактер кој што е усогласен со современите општествени движења кај нас, како и со декларацијата и конвенцијата за правата на децата.

Стручно-научните согледувања укажуваат дека првите шест години од животот на човекот се фундамент на воспитанието и образованието на секоја индивидуа.

Раното детство е важно за севкупниот развој на личноста. Теориите и истражувањата правени од врвни педагози укажуваат на значењето на раното детство за поттикнување на детските симболички, фантазиски и мисловни стратегии на размислување и стимулација на развојот и раното учење.

Во оваа програма се уредуваат теоретските основи и принципи за рано учење и развој базирани врз стандардите за рано учење и развој.

Во Годишната Програма планирани се активности за давање поддршка на децта и семејството едукација која опфаќа специјални програми за адаптација на децата и родителите во установата.

***Стручно-научно оправданост на оваа програма***

Раното детство е важно за севкупниот развој на личноста. Теориите и истражувањата укажуваат на значењето на раното детство за интелектуалниот, емоционалниот и социјалниот развој, а со тоа и на важноста на организираното создавање услови за тој развој.

Теоријата и практиката го промовираат холистичкиот пристап во поттикнувањето на раното учење и развој кај децата. Општествените процеси на демократија се рефлектираат во воспитно-образовна работа со децата од предучилишна возраст и бараат доследна практична примена на стручно научните сознанија како и доследна примена на хуманистичко-теоретскиот и педагошкиот-психолошкиот процес во толкување на детската личност. Целокупните воспитно-образовни  активности во предучилишното воспитание се насочени за задоволување на потребите, интересите и можностите на секое дете.

Развојот претставува процес  на промена, кој настанал како резултат на почитување на индивидуалните карактеристики на детето, следење на внатрешните сили, потенцијали  и природниот развој во кој детето ги зголемува и ги зајакнува вештините за движење, размислување, чувствување и зборување. Воспитувачите во градинката превземаат активности со цел да креираат услови за создавање и учење по пат на игра, интеракција и активирање во истражувачко – откривачки процес и решавање на различни проблемски ситуации од страна на секое дете со што се поттикнуваат и активираат, развиваат моторичките, јазичните, когнитивните и социо-емоционалните вештини.

Сите овие елементи се клучно детерминирани во процесот на развој, учење и постигање успех во натамошниот воспитно-образовен процес.

Холистичкиот пристап на кој се базира развојот и учењето на детето од предучилишна возраст се однесува на обезбедување на безбедна и сигурна околина за учење и развој. Со сето ова се поттикнува потребниот квантум на дивергентно мислење кај секоја индивидуа со што се доаѓа до севкупна перцепција на се она што не опкружува.

И понатаму нашата установа ќе остане доследна на своите главни цели, да биде безбедна, стимулативна и креативна средина за развој на децата од предучилишна возраст, да реализира квалитетно предучилишно воспитание и образование и да се одговори на сите нови предизвици кои ги нуди современата предучилишна теорија и пракса.

# 1.ПОЈДОВНА ОСНОВА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТА

Програмата за работа на ЈОУДГ “Гонча Туфа”-Крушево, поаѓа од фактот дека раниот период од детскиот развој е специфичен и дека содржи посебни карактеристики во однос на социјалниот, емоционалниот, моторниот, когнитивниот развој, при што треба да се води сметка за влијанието на воспитанието и образованието врз целокупниот развој. Затоа програмата е прилагодена кон децата, усогласена со нивните потреби, желби, можности и интереси и е со флексибилна организација на работа, поголема отвореност кон родителите и општествената средина.

Програмата за работа на ЈОУДГ “Гонча Туфа”-Крушево за период од 01.09.2023 - 31.08. 2024 година ќе се донесе врз основа на:

- Законот за заштита на децата (Сл.весник на РМ 23/13, 12/14, 44/14, 144/14 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17 и 21/18, 198/18, 104/19, 146/19, 275/19 и 311/20);
- Статутот на ЈОУДГ “Гонча Туфа”-Крушево;
- Програмската структура на воспитно-образовна дејност заедно со програмите и плановите за одделните воспитно-образовни подрачја, изготвени од Бирото за развој на образованието на РМ;
- Програмата за рано учење и развој на деца од предучилишна возраст од 0 до 6 години базирана на Стандардите за рано учење и развој (Службен весник на РМ бр.46 од 06.03.2014 година);
- Проектот “Основи на демократија- пат кон граѓанско општество” на Бирото за развој на образованието и МОН на Р. Македонија;
- Условите што ги обезбедува детската градинка за реализирање на целите, задачите и програмските содржини;
- Најновите педагошко-психолошки научни сознанија за детските развојни и интелектуални потенцијали;
- Педагошко-психолошка литература за развојот на детето до поаѓање во училиште;
- Позитивните искуства и досегашните резултати што ги постигнала ЈОУДГ “Гонча Туфа”- Крушево во повеќегодишниот период на плодна згрижувачко-воспитно и образовна дејност.

Преку реализација на воспитно образовните содржини, програмата на детската градинка нуди негување на творештвото, способностите на изразување, развивање на говорот и комуникациските вештини, движење, музичко и ликовно изразување низ насочени и слободни активности, во кои играта зазема главно место, задоволувајќи ја потребата за активност и заедничко живеење што ќе овозможи развој на позитивни емоции и правилен социјален развој на децата.

За успешна реализација на планираните активности предвидени во овој документ потребно е вклучување на сите фактори од општественото живеење како:

-соработка со родителите;

-соработка со научни установи;
-соработка со Локалната самоуправа како најважна алка, која треба да биде организатор и носител на одредени активности значајни за спроведувањето на програмата;
-соработка со МТСП, МОН, БРО и другите институции во насока на имплементирање на новите законски прописи, со цел унапредување на дејноста.

### *1.1. Цели на програмата*

Во севкупната активност, градинката и оваа учебна година ќе поаѓа од следните цели:

- Згрижување и воспитување на децата во градинката како институција, која со своите активности претставува само продолжување дополнување на семејното воспитување;
- Хуманистичкиот приод во сваќањето на природата на детето и неговиот физички и духовен развој, како физичко, сознајно и социјално суштество;
- Да се развива сопствен пристап и стил кон учењето ;
- Да се поттикнува интерес за користење на различни форми и извори на информации;
- Да се развиваат способности за самостојно користење на внатрешната мотивација за изведување посложени задачи;
- Да се поттикнува кон селективно избирање активности од повеќето кои што му се нудат, согласно со личните интереси и нивниот начин на прифаќање;
- Да се развива способност за започнување на одредени активности и истрајност во реализацијата;
- Да се охрабрува за изразување на креативноста во процесот на учење и развој;
- Да се развива способност за користење на искуства базирани на предходните знаења, во градењето на личен пристап кон учењето;

- Поттикнување и развој на способностите за самостојно учење, работа и креирање како подготовка на детето за училиште и неговото понатамошно образование;

- Ублажување на социјално и културно-економските разлики помеѓу децата запишани во градинката;

- Обезбедување услови за престој, воспитна грижа и соодветно корективна помош на децата со лесна ментална и телесна попреченост, а на талентираните деца овозможување услови за искажување и развивање на творечките способности;

- Отвореност кон семејствата за соработка, подготвеност за градење на односи на заемна доверба, меѓусебно уважување и поддржување

- Соработка со локалната заедница заради осовременување на воспитно-образовниот процес, богатење на детското социјално искуство, ширење на културните хоризонти, како и создавање на соодветни услови за успешно реализирање  на институционалното воспитание и образование

- Реализација на згрижувачката и воспитно-образовната работа , која ќе поаѓа од педагошко-психолоските сознанија за развојот на детето, дефинирани врз основа на вредносните системи, потребите на децата и општествената заедница во која живеат.

### *1.2.Задачи во остварувањето на програмата*

За планско и организирано влијание врз севкупниот развој на детето систематизирани се целите и задачите преку кое истото ќе се реализира. Тие се содржани во плановите за работа и тоа во:

- Планот за реализација на активности со децата од јаслена возраст
- Планот за реализарање на воспитно-образовната работа со децата од градинка;
- Програмските содржини вклопени во рамките на проектот “Граѓанско образование и пат кон демократско општество”;
- Програмските содржини за реализација на проектот “Градот низ детските очи” ;
- Спроведување акција “Подари книга за социјално ранливите категории”;
- Проект за добивање и употреба на здрава храна;

- Реализација на еко-проектот “Немаме резервна планета” подржан од Министерството за образование и наука;
- Реализација на проектот “Да ги заштитиме децата во сообраќајот”;
- Вклучување во проектот  подржан од Министерство за здравство за Превенција на забите кај деца од 4-6 год.;
- Планот за работа на Стручниот совет на Детската градинка ;
- Планот за работа на Советот на воспитувачи и за стручно усовршување на воспитувачите ;
- Планот за работа на Советот на негователи и стручно усовршување на негователите;
- Планот за соработка со родители;
- План за проширување на предучилишното воспитание и образование во рурални средини;
- План за соработка со Основните училишта и пошироката општествена средина;
- Планот за јавна и културна дејност;
- Меѓуопштинска соработка со градинки од други градови по повод “ Детската недела”  и учество во “ Игри без граници”.

## 1.3 Реализација на интерни проекти со децата во Установата

Главна цел на овие активности е да ги поттикнат речиси сите  компоненти на детскиот развој да им го поттикнат интересот, љубопитноста, креативноста, фантазијата и пред се им го прошируваат дијапазонот на сознанијата.

Поради тоа што голем дел од она што децата го учат во предучилишна возраст го учат брзо и лесно, детската љубопитност воспитувачот ја негува и поттикнува, имајќи во предвид дека детето никогаш нема да научи толку многу и за кратко време како во предучилишната возраст.

Знаејќи дека тоа е и најуспешниот начин на учење, стручниот тим прилагодува материјали и средства кои на најдобар начин ќе одговорат на детските желби и интереси.Токму од таа причина во современата воспитно-образовна пракса се јавува една нова форма на работа насловена како работа на проекти.

Предлогот за проекти за оваа година произлезе од интересот на воспитно-згрижувачкиот персонал и децата како и од желбата да се осознае нешто ново и повеќе за области кои досега не се истражувани. Стручните соработници заеднички донесоа одлука оваа година во рамките на установата да се реализираат проектни активности и тоа:

- **“Градот низ детските очи”**
- **“Бон-тон за деца”**

- **“Од дете за дете”**
- **“Семејство и семејни вредности”**
- **“Рециклирање со имагинација”**
- **“Моја хигиена-моја навика “**
- **“Здрави животни навики”**
- **“Градина во градинка”**
- **“Традиционални игри”**
- **“Спорт и спортски активности”**
- **“Здрава храна “**
- **“Еколошка едукација во воспитно-образовниот процес”**
- **“Мултикултурализам”**

## 2.УСЛОВИ ЗА РАБОТА И ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

Јавната установа својата дејност-згрижување, воспитание и образование ја организира и реализира во еден објект кој е наменски граден, функционален и употреблив за нормално одвивање на дејноста.

Објектот се наоѓа на ул.”8-ми септември” бб – Крушево со вкупна површина 996,26 м$^2$ и дворна површина од 558,91 и истиот е од тврда градба.

Работното време на Установата е од 6,00 часот до 16,30 часот.

### 2.1 Просторни услови

Просторните услови во Јавната општинска установа за деца-Детска градинка “Гонча Туфа” – Крушево во секој поглед одговараат за правилен психофизички развој и удобен престој на децата во нea.

Установата располага со приземен дел и два ката.

На приземјето се сместени кујната која е просторна, светла, функционална и опремена со сите уреди, перална, шивачка работилница и магацинските простории. Во склоп на кујната на градинката се одвива и проектот “Народна кујна“ каде што се приготвува и издава топол оброк за социјално загрозените и изнемоштени лица и истовремено се изготвува и топол оброк за децата од Дневниот центар за деца со посебни потреби.

На првиот кат се сместени трите простории-занимални за деца, од кои две за деца од 4-6 годишна возраст, а во едната се одвива настава за деца од 6-10 години возраст, административните простории и холот. Занималните се просторни, светли, функционални со санитарни јазли, гардеробен дел и

просторни тераси за престој и игра на децата на воздух. Во дел од овој кат функционира Дневен центар за деца со посебни потреби.

На вториот кат се сместени просториите за деца од 0-4 години возраст - две занимални, просторија која е наменета за сензорна соба, млечната кујна за прифаќање на храната, санитарните јазли и оставата. Вториот кат е одвоен со посебен влез од првиот кат. Занималните се просторни, светли, функционални и секоја од нив има тераса за престој на децата на воздух.

Градинката располага со дворно место кое ги задоволува потребите за игра, престој на децата на воздух. Дворот е ограден и затревен. Дворното место редовно се одржува, а во деновите на екологијата вработените заедно со децата превземаат акција за доуредување. Дворот е уреден и со спортско-рекреативни реквизити кои се поставени во месец октомври 2022 година и во него се релизираат активностите на отворено од проектот “Спорт и спортски активности”.

За успешно реализирање на поставените програмски задачи треба да овозможиме постоење на здрав, сигурен и пријатен како внатрешен така и надворешен простор.

Просторните услови задоволуваат во поглед на бројот на децата, но не задоволува просторот за воспитно-згрижувачкиот кадар, односно нема просторија за подготовки за настава и нема кабинет со библиотека. Спрема бројот на занималните и нормативите за број на деца по воспитни групи во градинката можат да се згрижат 120 деца колку што изнесува проектираниот капацитет на детската градинка.

Градинката својата дејност за згрижување и воспитно-образовна работа ја извршува преку опфат на деца во јасли и градинка. Активностите кои им се нудат на децата ќе се организираат според темите за воспитно образовна работа, календарот за одбележување на позначајни датуми и настани значајни за нашиот град и Републиката, државни и традиционални (верски), а ќе бидат прилагодени на нивните можности, потреби и интереси. Просторната организираност на занималните кои се опремени со потебните средства за центрите за учење и за реализација на активностите ќе овозможат децата да ги задоволат своите потреби и интереси, потребата за дружење, љубопитност, збогатување на социоемоционалниот живот, стекнување на навики, вештини и развивање на одредени способности.



Детската градинка покрај грижата за просторните услови во објектот кој ги задоволува основните стандарди на здравствено-хигиенските услови, опременост со потребните нагледни, игровни и дидактички средства, ќе се грижи за дополнување и доопремување на групите со нови современи работно-игровни и дидактички материјали кои одговараат на педагошките, естетските и хигиенските критериуми и при нивниот избор ќе се има во предвид возраста и особеностите на психофизичкиот развој на децата.



Нашите заложби во текот на ова учебна година ќе бидат насочени исто така кон преземање на конкретни активности за подобрување на просторните услови во кои престојуваат децата со замена  на надворешните врати и прозорци, обновување на фасадата на објектот во смисла на енегетски ефикасна фасада, реконструкцијата на бетонската ограда. Дворната површина е засадена со украсни и цветни растенија и  уредена со спортско-рекреативни реквизити.



## 2.2 Опременост

Објектот е добро опремен со соодветен мебел, опрема и инвентар кој одговара на потребите и возраста на децата. Оваа учебна година располагаме со нови маси и столчиња, нови гардероберите за децата доопремување на занималните со библиотечни и отворени шкафчиња како и зголемување на бројот на игровен и дидактички материјал за доопремување на соодветните центри за учење и за игри на децата.

Градинката располага и со аудио-визуелни средства како: повеќе ТВ приемници, радио приемници со ЦД плеер, пиано, ДВД плеер и еден комплет за озвучување. Овие аудио-визуелни средства се користат во текот на работата како за насочените така и за слободните активности, особено при одржување на

приредби и прослави.  Оваа година е предвидено ставање на безицен интернет по занималните за олеснување на работата на воспитувацките во воспитно образовниот процесс.

Библиотеката располага со стручна литература и литература за деца. Оваа година децата ќе го добиваат детското списание “Супер смешка”. Исто така децата ќе работат и во прирачникот за деца од предучилишна возраст “Креативна игра” за деца од 5-6 години возраст и “Креативна игра за деца од 4-5 години возраст”, преку кои ќе се реализираат целите од Програмата за рано учење и развој.

### 2.3 Број на воспитни групи и број на деца

Според бројот на децата запишани на почетокот на оваа година се формираат следните воспитни групи:

| Видови воспитни групи | Возраст на воспит.групи | Број на групи | Број на деца | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | машки | женски | |
| ДЕТСКИ ЈАСЛИ | | | | | |
| | од 8 м.до 3 г. | 1 | 9 | 4 | 13 |
| | | | | | |
| ДЕТСКА ГРАДИНКА | | | | | |
| | група од 3-4 г. | 1 | 7 | 10 | 17 |
| | група од 4-5 г. | 1 | 9 | 2 | 11 |
| | група од 5-6 г. | 1 | 13 | 9 | 22 |
| | група од 6-10г. | 1 | 6 | 10 | 16 |
| ВКУПНО: јасли и градинка | | 5 | 44 | 35 | 79 |

## 3. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖИВОТОТ И РАБОТАТА ВО УСТАНОВАТА

Врз основа на член 168 став 5 од Законот за заштита на децата (Сл. Весник на РМ бр.23/13…..311/20), воспитно-образовната работа во детската градинка се изведува според Програмата за рано учење и развој, базирана врз Стандардите за рано учење и развој, која ја изготвува Бирото за развој на образованието, а ја донесува Министерот за труд и социјална политика. Таа е наменета за децата од раѓање па до шест годишна возраст и со неа се уредуваат особено теоретските основи и принципи, целите на програмата, содржи примери

на активности, очекувани резултати и соработка со родителите. Програмата за рано учење и развој треба да е во согласност со развојните капацитети на децата од предучилишна возраст, да се базира врз потребите и интересите за рано учење и развој на децата и да е насочена кон целосно постигнување на развојните потенцијали кај секое дете, вклучувајќи ги и децата со посебни потреби. Воспитно-образовната дејност базирана на Програмата за рано учење и развој се евидентира во педагошката документација и евиденција, која се води во дневниците на воспитните групи и во дневникот од градинката во пишана и во електронска форма.

Организацијата на воспитно-образовната и згрижувачката дејност дава можности за остварување на воспитно-образовни задачи и содржини низ разновидни форми и активности за посебно воспитно-образовно влијание, насочување и следење на детскиот развој.

Воспитно-образовната програма на децата им помага да создаваат сопствени претстави и разбирање на светот што ги опкружува, информации за социјалната и културната средина, да го развиваат логичкото размислување и усвојувањето на математичките поими, говорот, говорното творештво, комуникацијата и описменувањето, фантазијата и творечкиот дух, експериментирањето и истражувачкиот дух, како и правилно социоемоционално и физички да се развиваат. Особено е важно што децата се спремни и брзо се адаптираат во новата училишна средина, успешно се вклопуваат во наставниот процес, имаат богато социјално, емоционално и сознајно искуство, како и разновидни интереси, склоности, творечки способности и позитивни навики, умеења и животни вредности.

Во програмскиот дел за воспитно-образовна работа се вградени следните принципи:

* Принцип на еднакви можности и почитување на различностите меѓу децата и принцип на мултикултурализам,
* Принцип на демократичност,
* Принцип на доминација на игра и принцип на поврзување со животната реалност,
* Принцип на активно учење и поттикнување на различни начини на изразување,
* Принцип на усогласеност со возрасните карактеристики и принцип на индивидуализација,
* Принцип на целосност и интегритет,
* Принцип на отвореност на воспитно-образовниот процес,
* Принцип на следење и поттикнување на детскиот развој,
* Принцип на развојно-процесен пристап,
* Принцип на критичко вреднување,
* Принцип на континуиран развој на воспитно-згрижувачкиот кадар.

Покрај принципите за остварување на дејноста неизбежни се и приоритетните цели и задачи во остварување на основната дејност на градинката и тоа:

*Создавање на оптимални просторни и хигиенски услови и здрава исхрана,

*Теоријата и практиката го промовираат холистичкиот пристап кон учење во

поттикнувањето на раното учење и развој на децата,
*Опременост на воспитно-образовните групи со соодветен инвентар, играчки, дидактички средства, реквизити за игри и слободни активности,
*Игри и игровни активности со децата, со цел правилен физички и сензомоторен развој, развој на основните движења, спретност, точност, одмереност и истрајност,
*Развивање на социјални вештини, негување на другарството, градење партнерски односи, толерантност, развивање на самодовербата и личноста на детето,
*Развивање на љубопитноста и интересите на детето како основен мотив за поттикнувањето на сознајно-интелектуалниот развој, поддржување на неговите математичко-логични размислувања,
*Поттикнување на индивидуалните специфичности, потреби, интереси и можности на секое дете, вклучувајќи ги и децата со посебни образовни и психофизички потреби,
*Практикување тимска работа во реализирањето на дејноста, поттикнувањ на креативноста на секој поединец.

Исхрана и грижа за здравјето и физичкиот развој на децата се организира во зависност од должината на престојот на децата, биолошкиот ритам на детскиот организам и од возраста на децата. Во текот на денот децата добиваат два оброци и две ужинки: појадок, прва ужинка, ручек и втора ужинка. За време на оброците се работи на формирањето на културно-хигиенските навики и бонтон однесување.

За правилен физички раст и развој, како и за зачувување и јакнење на здравјето на децата секојдневно се организираат игровни активности на отворено и во природа.

Во реализацијата на дејноста се применуваат институционални форми како што е целодневен престој и полудневен престој на децата опфатени во воспитно-образовна групи од 0 до 6 години возраст.

Во зависност од потребите и интересите на децата и родителите се организираат и реализираат факултативни програми.

### 3.1 Организација на животот и работата во детските јасли

Во детските јасли опфатени се деца на возраст од 8 месеци до 3 години возраст. Со нив работат стручни лица со завршено соодветно средно образование пропишано со закон и со стекната лиценца за негувател.

Во процесот на остварувањето на згрижувачката функција установата обрнува особено внимание на оваа возраст. Пред се најважно е прилагодувањето на децата на новите просторни услови и вклучувањето во возрасната група.

Храната која им се дава на децата е свежа и високо калорична, усогласена со нормативите за исхрана соодветни на оваа воздраст. Во текот на престојот децата добиваат повеќе оброци.

Воспитнатно-згрижувачката работа со децата од оваа возраст ја реализираат негувателките преку разновиди воспитно-игровни активности по одредени програми. При изборот на содржините на игровните активности ќе се

внимава на психофизичките способности на децата од оваа возраст. Преку различни активности ќе се делува врз: социјално-емоционалниот развиток, моторичкиот развиток, комуникацијата, музичкото воспитание и интелектуалниот развиток.

Целокупната организација на престојот на децата од оваа возраст ќе овозможи задоволување на потребите од храна, игра, активности и одмор кои ќе придонесат за пријатен престој на децата од јаслената група.

Во планот за реализирање на воспитно-образовната работа со децата од најрана предучилишна возраст ќе биде подготвена програма со која покрај посветеност на севкупниот развој на децата во сите развојни домени ќе се внимава и на:

-Воспитна работа за нега на децата и создавање на работни и културно-хигиенски навики преку навикнување на правилна употреба на приборот за јадење, правилно однесување за време на оброците, лична хигиена, постигнување на контрола на физиолошките потреби, обиди за самостојно облекување и соблекување;

-Воспитни активности за помагање на физичкиот развој на децата преку манипулирање со предмети, преместување, испуштање, додавање, совладување на основните движења, координација на движењата и правилна ориентација во просторот;

-Активности за развој на говорот преку вокализација, имитирање на гласот на животните, кратки римувани стихови, вежби за учење на нови зборови, мотивирање на децата за спонтан говор, запознавање со предметите и појавите од најблиската околина, навикнување на правилно однесување, уредност, учење да се чува од опасни предмети и др;

-Воспитни активности за развивање на музичките потенцијали преку слушање на музика и практикување на музички игри, пеење на песни, звучни играчки, практикување на имитативни игри итн;

-Развивање на можностите за приближување на техниките и материјачите за работа од ликовно воспитание преку кинење на хартија со различен квалитет (текстура), игри со тесто или пластелин, шарење со бои, игри со природен материјал како свежи и суви лисја и др.

Посебно место ќе се даде на адаптација на децата во новата средина, нивната социјализација во групата, зајакнување на здравјето и развивање на елементарните движења и развојот на говорот. За успешна реализација на сите активности вработените односно згрижувачките работници кои работат со деца од осумесечна до тригодишна возраст ќе користат прирачници за работа кои се изготвени од тим на УНИЦЕФ за Македонија и МТСП.

Овие активности ќе се реализираат според дневниот распоред во градинката и грпата, согласно Програмата за рано учење и развој и тоа:

## РАСПОРЕД НА ДНЕВНИ АКТИВНОСТИ
За деца до 3 години возраст

| Активности | |
|---|---|

| | |
|---|---|
| Прием на деца, слободни активности | До 8,15 ч. |
| Подготовка за појадок и појадок | 08,15 ч. |
| Реализација на дневно планирање | 09,00 ч. |
| Ужинка | 10,00 ч. |
| Слободни игри и  престој на свеж воздух | 10,30 ч. |
| Тоалет,  подготовка за ручек | 11,30 ч. |
| Ручек | 12,00 ч. |
| Пасивен одмор - спиење | 12,45 ч. |
| Ужинка | 14,45 ч. |
| Реализација на дневно планирање | 15,10 ч. |
| Слободни игри | 15,30 ч. |
| Заминување на децата | До 16,30 часот |

## 3.2 Организација на животот и работата во детската градинка

Согласно Законот за заштита на децата, министерот за труд и социјална политика донесе Програма за рано учење и развој базирана на Стандардите за рано учење и развој за децата од раѓање до шестгодишна возраст со планирани цели, примери на активности, очекувани резултати, соработка со родители. При планирањето и реализирањето на воспитно-образовната работа за децата од предучилишна возраст основен документ ќе биде “Стандардите за рано учење и развој“ издаден од МТСП, при што ќе се поаѓа од проценката на степенот на развој на децата и врз основа на тоа ќе се планираат можностите за понатамошно унапредување преку планирани воспитно-образовни влијанија во постигнување на стандардите за развој во сите развојни домени како што се: моторен развој, социо-емоционален развој, пристап кон учење, когнитивен развој и стекнување на општи знаења, јазик, комуникација и описменување преку:

-Поттикнување и развој на способностите за стекнување на елементари знаења и поими за природната и општествената средина;

-Развој на детската креативност во сите домени како животни, работни, истражувачки и сознајни;

-Развој и поттикнување на детската чувствителност, љубопитност, радост, задоволство и богатење на емоционалниот живот, мислење, говор, фантазија.

-Развој на детската самостојност, индивидуалност, поим за себе, соработка со врсниците и возрасните;
-Поттикнување на развојот на еколошката свест и воведување на основните начела за зачувување на непосредната животна средина, збогатување на искуствата за сообраќајот во потесната и пошироката околина;
-Поттикнување и создавање на навики за здравствена заштита преку грижа за личната и колективната хигиена, користење на природните фактори и правилна исхрана;
-Развој на културно-хигиенските навики по пат на редовно користење и употреба на културни изрази и културно обраќање кон други лица, правилна употреба на тоалет;
-Поттикнување и создавање на работни навики кај децата како и вреднување на сопствениот и туѓиот труд;
-Развивање на вештини за слушање на својот и туѓиот говор преку воочување на разликите меѓу гласовните и други особености на говорот, артикулација, и дискриминација на одредени гласови со цел отстранување на потешкотии во нивното користење, збогатување на речникот, поврзување на говорот и користење на цели реченици, говорна креативност и творештво;
-Поттикнување и развој на самостојноста, самодовербата, иницијативноста. Способноста за воочување и решавање на проблеми;
-Развивање на способности за правилно користење на ликовните материјали и самостојно творечко ликовно изразување, музичките способности и чувство за ритам, музичко помнење, творештво, интерес за пеење и музички активности.

Домените, субдомените, стандардите, индикаторите и целите се дел од Програмата за работа со децата во предучилишните установи.

Во детската градинка се опфатени деца на возраст од 3 – 6 годишна возраст, односно до поаѓање во училиште.

Работата во детската градинка се одвива во 4 воспитни групи.

Дневниот план и распоред на активности ќе се реализира според програмата за работа во зависност од возраста на децата и тоа:

РАСПОРЕД НА ДНЕВНИ АКТИВНОСТИ

За деца над 3 до 4 години возраст

| Активности | Целодневен престој |
|---|---|
| Прием на деца и слободни активности (игри по избор на децата) | До 8,15 ч. |
| Утринска гимнастика | 08,15 ч. |
| Појадок | 08,30 ч. |
| Реализација на дневно планирање | 09,00 ч. |
| Ужинка | 10,00 ч. |
| Реализација на дневно планирање | 10,30 ч. |

| | |
|---|---|
| Прошетки, набљудувања и престој на свеж воздух | 11,00 ч. |
| Ручек | 12,15 ч. |
| Пасивен одмор - спиење | 12,45 ч. |
| Ужинка | 14,45 ч. |
| Реализација на дневно планирање | 15,15 ч. |
| Слободни игри и средување на центрите за учење | 16,00 ч. |
| Заминување на децата | 16,30 ч. |

РАСПОРЕД НА ДНЕВНИ АКТИВНОСТИ

За деца над 4 до 6 години возраст

| Активности | |
|---|---|
| Прием на деца, слободни активности (игри по избор на децата) | До 8,15 |
| Утринска гимнастика | 08,15 ч. |
| Појадок | 08,30 ч. |
| Реализација на дневно планирање | 09,00 ч. |
| Ужинка | 10,00 ч. |
| Реализација на дневно планирање | 10,30 ч. |
| Прошетки, набљудување и престој на воздух | 11,15 ч. |
| Средување на центрите за учење | 12,00 ч. |
| Ручек | 12,15 ч. |
| Пасивен одмор | 12,45 ч. |
| Ужинка | 14,30 ч. |
| Реализација на факултативни програми (програми по избор на родителите на децата пр.јазик, балет) | 15,00 ч. |
| Слободни игри и активности и средување на центрите за учење | 16,00 ч. |
| Заминување на децата | До 16,30 ч. |

Занималните за воспитните групи се уредени со потребниот мебел и играчки. Се води посебна грижа за хигиената во просториите, исхраната, дневниот одмор на децата, воспоставување на културно-хигиенски навики кај децата , работни навики и друго. Значајно место во работата со овие деца има воспитно-образовната работа, грижа за физичкиот и интелектуалниот развој и грижа за здравјето на децата. Распоредот на секојдневните активности е во согласност со Програмата за воспитно-образовна работа со деца од предучилишна возраст, односно спрема организациониот распоред. Во текот на денот се организираат активности поврзани со секојдневниот живот и потреби на децата со цел да се стекнат со културно-хигиенски и работни навики , да се однесуваат самостојно, со културни навики при јадење , одржување на хигиената и слично. Исто така, ќе се настојува децата да се стекнат со работни навики преку работното воспитание за кое се организираат повеќе активности.

Во текот на денот се организираат слободни и насочени воспитно-образовни активности. Слободните активности се составен дел од воспитно-образовната работа и се организираат спонтано преку игри, прошетки, набљудувања, работа во центрите, но активности секогаш во корелација со насочените односно групните активности. Слободните активности понекогаш се поврзани и со годишните времиња, просторот и возраста на децата. Насочените активности односно групните се организираат секојднево спрема утврдениот план за воспитно-образовната работа. Секоја групна активност е поврзана со тематско планирање и преку нив децата се стекнуваат со знаење од повеќе области и ја запознаат природата и општествената средина.

*Планирање и организација на воспитно-образовната дејност*

Планирањето на воспитно-образовната работа и водењето на педагошката документација од страна на воспитниот кадар ќе се врши според “Програмата за ран детски развој“ заснована на современите педагошки аспекти за рано учење и развој на децата од 0 до 6 години, која се базира на меѓусебната поврзаност на различни развојни домени во една холистичка целина, препознавајки го целото дете и неговата интеракција со социјалната средина.

Раното учење и развој е процес на емоционално, ментално, физичко и социјално созревање низ кое поминуваат децата од раѓање до поаѓање во училиште.

Мерењето на квалитетот на предучилишното воспитување и образование е директно условено од развивањето на стандарди за рано учење и развој кај децата и нивна доследна имплементација. Стандардите за рано учење и развој ги презентираат очекувањата кои што треба да ги достигнат децата од предучилишна возраст во разни аспекти (домени) на развој. Развојните аспекти се меѓусебно поврзани, а децата учат со надградување на веќе постигнатите знаења низ сите аспекти на развој. Ќе се користи развојниот потенцијал на секое дете преку примена на различни практики и пристапи на рано учење, прилагодени на индивидуалните потреби на различни групи на деца.

Планирањето на воспитно-образовната работа е долгорочно-годишно, среднорочно-тематско и краткорочно-дневно.

Во долгорочното годишно планирање се планираат одредени теми , кои во среднорочното тематско планирање се разгрануваат во субтеми со активности по аспекти на развој.

Според позитивната законска регулатива реализацијата на програмата ќе биде преку следните теми:

**- Долгорочно годишно планирање на средна и голема група:**
1. “Учиме да растеме заедно”;
2. ”Јас и моето семејство”;
3. “Есенска слика“;
4. ”Во царството на животните”;
5. ”Го мериме времето- новогодишни радости”
6. ”Зимски радости- биди здрав, биди срекен”
7. .”Весли бројки во шарениот свет”
8. "Земјата е дел од вселената"
9. ”Природата се буди- пролет”;
10. ”Македонија- моја сакана татковина- патуваме, патуваме”
11. ”Летни радости”

**-Долгорочно годишно планирање на мали групи:**
1. “Учиме да растеме заедно”;
2. ”Јас и моето семејство”;
3. “Есенска слика“;
4. ”Во царството на животните”;
5. ”Го мериме времето- новогодишни радости”
6. ”Зимски радости- биди здрав, биди срекен”
7. ”Весли бројки во шарениот свет”
8. ”Занаети и професии”
9. ”Природата се буди”;
10. ”Македонија- моја сакана татковина- патуваме, се радуваме”
11. ”Летни радости”

Горенаведните теми ќе се реализираат во воспитни групи спрема возраста на децата и истите ќе ги реализираат 4 воспитувачки со стекнати лиценци за работа.

Во дневното планирање се планира групна односно насочена активност и работа во центрите поврзана со темата која се разработува. Во текот на планирањето се истакнуваат развојните задачи на темата: предвидени посети, набљудувања, материјалот за работа, соработка со родителите и околината и слично. Времето на реализација ќе зависи од креативноста и интересот на децата.

Воспитно-образовните задачи и содржини во градинката ќе се реализираат низ следниве основни форми на работа:
-утринска гимнастика;

-слободни активности;
-насочена или групна активност;
-активности во центрите за работа и учење;
-прошетки и набљудувања;

Согласно целите на воспитно-образовната работа се води сметка за следните активности:
-следење на детскиот раст и развој индивидуално,
-почитување на детските индивидуални разлики,
-мотивирање на децата кон различни видови на активности,
-развивање кај децата процес на самовреднување,
-соработување со семејството,
-реално планирање во согласност со можностите,потребите и интересите на децата, условите во потесната и пошироката средина,
-тимско работење,
-соработка со стручни институции во пошироката средина,
-обезбедување стимулативна средина, позитивна социо-емоционална клима, нагледност, автентичност во воспитно-образовниот процес,
-поттикнување на децата кон истражувачки, откривачки и креативни процеси.

За воспитно-образовната работа се води соодветна педагошка евиденција: дневник за работа на градинката, главна книга за евиденција на децата, досие за секое дете и дневник во секоја воспитна група за евиденција на тематското планирање, работата во центрите, дневен оперативен план, развојните задачи за секоја тема, како и соработката со родителите. Секојдневно воспитувачот на систематизиран начин го обсервира детето и документира информации во проценката на достигнување за степенот на развој на детето, неговите знаења, вештини и однесување, така да има увид дали детето го достигнало стандардот.

Покрај планираните теми оваа учебна година ќе се реализираат активности од проектот ”Градини во детските градинки” преку кој децата се запознаваат со начинот на одгедување на здрава храна.

Оваа учебна година ќе се реализира проектот “Градот низ детските очи” предложен од Министерството за труд и социјална политика, наменет за деца од 5-6 годишна возраст,чија цел е развивање на љубов, чувство на патриотизам кон сопствената татковина и родното место, со посети на споменици, културни и други објекти, организирање ликовни работилници и изложби, прослави и манифестации и друго.

По укажување од страна на Министерството за труд и социјална политика ќе се реализира и проектот “Бонтон за деца”, наменет за деца од 4 до 6 годишна возраст, преку кој децата од најрана возраст ќе ги научиме на правилно и пристојно однесување и стекнување со културно-хигиенски навики.

Исто така ќе се реализира хуманитарно едукативен проект “Од дете за дете” преку кој родителите заедно со своите деца доброволно ќе се вклучат во хуманитарната акција и ќе донираат детска облека, подароци и друга детска опрема за децата од социјално загрозените семејства, децата од ранливите

категории и децата без родители и родителска грижа. Така децата од најмала возраст ќе ги учиме на хуманост и солидарност.

Со Програмата за рано учење и развој се предвидува грижа за хигиената која е една од основните мерки за зачувување на здравјето. Проектот “ Моја хигиена – моја навика” е систем за запазување на хигиената и хигиенските навики. Во овој проект се вклучени децата од 2 до 6 годишна возраст.

По предлог на Министерството за труд и социјална политика ќе се реализира Проектот “Семејството и семејните вредности” под мото”Семејството темел на општеството” со цел развивање на свест кај децата за важноста на семејството во градење на почит и љубов кон семејните вредности. Опфатени деца од 4 до 6 годишна возраст.

Преку Проектот “Рециклирање со имагинација” предложен од Министерството за труд и социјална политика се врши едукација на децата од предучилишна возраст за бенефитите од селектирањето на отпадоци и неговото рециклирање. Вклучени се децата од 3 до 6 годишна возраст.

- *Утринска гимнастика и слободни активности*

Преку утринската гимнастика со разновидни физички вежби се делува на развивање и јакнење на целокупната мускулатура и организам на децата како и развивање на телесните способности.

Слободните активности се најдостапна форма за следење на детскиот развој и за организирање на индивидуална работа со децата. Тие се организираат според интересот на децата во корелација со содржината на дневната активност во зависност од материјалот за работа со кој располага воспитувачот и од возраста на детето. Соодветно се застапени игровните активности, игри во кои децата ги имитираат родителите, возрасните и слично. При реализација на овие активности се користи разновиден природен и отпаден материјал, играчки како и други дидактички средства. Тие на секое дете му овозможуваат спонтана игра, креативност, творење и здружување со други деца во заеднички активности.

- *Насочена или групна активност*

Насочените активности (групната активност) се форма на непосредно учење, раководење, насочување, стекнување на нови претстави и следење на детскиот развој. Процесот на учење се остварува низ насочување на детските интереси и активности, преку соодветно планираните теми. Низ добро организирани активности, збогатени со разновидни нагледни средства се богати детското искуство, се прошируваат детските знаења и истите се систематизираат и правилно насочуваат.

Преку стекнатите позитивни навики и умеења се врши воспитно влијание врз особините на детската личност.

Со определување на задачите, изборот на соодветни теми и содржини и нагледни средства за реализација се опфаќаат следните воспитно-образовни подрачја:

-природа и општество;
-комуникација и творештво;
-математика;
-ликовно воспитание;
-музичко воспитание;
-физичко воспитание;
-здравствено воспитание;
-екологија.

Овие воспитно-образовни подрачја се застапени во следните аспекти (домени) на развој:

1.Здравје и моторен развој
2.Социоемоционален развој
3.Јазик, комуникација и развој на писменост
4.Когнитивен развој
5.Пристап кон учење

Времетраењето на групната активност се определува според возраста на децата, нивниот интерес и видот на активноста.

- *Активности во центрите за учење и развој*

Активностите во центрите се реализираат после групната активност, и во корелација со групната активност. Децата самоиницијативно, според нивниот интерес и желба се определуваат во кои центри ќе работат. Во центрите доаѓа до израз нивната креативност и творештво, каде се реализира дневното планирање. По желба на децата, тие ротираат во различни центри за работа. Постојат повеќе центри за работа меѓу кои:
-конструктивен
-манипулативен
-драмско-семеен
-ликовен
-библиотечен
-истражувачки
-татковински
-центар за изложување на детските творби

Отворањето на центрите за работа зависи исклучиво од целите испланирани во дневниот оперативен план. Материјалите во центрите треба да бидат организирани, јасно наредени, чисти, уредни, достапни за децата, набљудувани, оценувани и постојано збогатувани. Тие треба постојано да се збогатуваат и со природен материјал, а децата да се поттикнуваат за независни избори за слободни и организирани активности.

Преку активностите во центрите , користејќи разновиден дидактички и друг материјал кај децата се развиваат фината моторика, индивидуални творечки потенцијали, креативно мислење, развивање на фантазијата, мисловните процеси и друго.

- *Прошетки и набљудувања*

Прошетките и набљудувањата се планираат и изведуваат во текот на целата година и се поврзани со годишната програма и планираните теми и се реализираат во поблиската околина и дворот на градинката, како и набљудување со посета на подалечни предели и населени места. Набљудувањата се во корелација со темата која се обработува. Пример: ќе се набљудува изгледот и промена на природата во годишните времиња, овошна и зеленчукова градина, цветна градина, шума, мини животински фарми, продавници, пазар, градскиот парк, зоолошка градина, споменици на културата, музеи, некои државни институции, елементи на улица, посета на село и поголеми градски населби и др.

Слободните игри на децата, престојот на чист воздух, прошетките, користењето на реквизитите со кои располага градинката и детските игралишта што се во непосредна близина на градинката овозможуваат децата да ги проверуваат и потврдуваат на свој индивидуален начин сопствените способности. Преку овие игри кај децата се развива другарство, солидарност и способност за живеење во колектив и подредување на своите интереси на интересите на групата.

### 3.3. Работно воспитание на децата

Работното воспитание на децата треба да се негува од најрана возраст со цел да се развијат позитивни чувства кон работата и да се развијат елементарни навики и вештини кои ќе им помогнат на децата во понатамошниот развој, во развивање на самодовербата како важен фактор за развој на децата. За остварување на овие задачи ќе се потрудиме кај децата:

-да се создаде интерес и позитивен однос кон средствата за игра преку играње на игри со играње на улоги кои иматитивен карактер,

-постојано поттикнување на осамостојувањето во учењето како и во совладувањето на елементарните навики на самостојно облекување, соблекување, јадење, одржување на лична хигиена и хигиената во просториите, чување на играчките и усвојување на одредени улоги и задолженија, сампослужување за време на оброците, самостојно користење на приборот за јадење и самостојно консумирање на храна, осамостојување при извршување на физиолошки потреби, поделба на обврските меѓу членовите од групата, средување на играчките во занималната и др.

-развивање на креативноста на децата со активности кои ќе имаат можностда користат различни материјали со различен квалитет и техники за користење на истите.

При извршувањето на овие задачи постојано ќе се применуваат мотивациони средства како: пофалба, одобрување, поттикнување и насочување. На овој начин децата стекнуваат доверба и чувство на сигурност.

Исто така, ќе се настојува децата да се стекнат со работни навики со тоа што ќе се организираат содржини и активности како што се средување на занималната после игрите, активности при чистење на дворот, учество во сервирање на оброците, со воведување на дежурство и друго.
Ќе бидат организирани работни активности со децата во градините направени за проектот “Градини во детските градинки” како садење, плевење, вадење на растенијата и друго.

Игрите се најприроден начин за поттикнување и негување на работното воспитание, личниот пример на воспитувачот, родителите и затоа е тесна соработката меѓу семејството и градинката и доколку се дополнуваат и поддржуваат во активностите ќе имаме потполн успех и ќе воспитаме деца кои ќе се способни самостојно и одговорно да се однесуваат дома и во градинка. Сите планирани активности ќе се реализираат во една прилагодена, релаксирана социо-емоционална клима, поттикнувајќи го при тоа афинитетот на секое дете, но и давање на поддршка кога не успеваат во реализацијата на одредени активности со цел градење самодоверба, но и доверба во луѓето кои се грижат за нив.

Преку организирање на работилници во кои активно учествуваат и родителите на децата со користење на различни материјали кои ќе ја побудуваат љубопиноста, креативноста, кооперативноста кај децата. Со реализација на предвидените проекти и проектни активности поддршката и соработката со родителите ќе биде од особена важност, како би се поттикнале родителите да го споделат своето драгоцено време со своите деца од што повеќекратна корист ќе имаат децата. Позитивниот став кој треба да го покажат родителите во многу ќе помогне да воспитаме деца кои ќе имаат длабоко всадени позитивни чувства кон работата, ќе искажуваат почит кон возрасните, другарчињата и работата.

Со реализација на активности од еко-програмата децата го осознаваат процесот на работа во цветна градина и градина во која ќе засадиме различни култури, со што се поттикнува чувството на истрајност, одговорност и постојаност грижејќи се за засадените цветни и градинарски растенија.

### *3.4. Еколошко воспитание*

Во услови на глобално затоплување на планетата земја, како неопходност се наметнува потребата од стекнување на знаења за зачувување на природата и околината во која живееме уште од најрана возрст. Овие знаења децата ги добиваат преку реализирање на проектни активности и содржини од еколошкото воспитание, со што се стекнуваат со што се стекнуваат со еколошка култура, стекнуваат еко навики кои ги применуваат во секојдневното живеење и истите преминуваат во начин на живеење и однесување. Заедничкото делување

на сите фактори важни за развојот на децата како: родителите, градинката и локалната средина ќе придонесат нашиот град да стане подобро и почисто место за живеење.

Еколошкото воспитание во оваа учебна година ќе биде застапено низ сите воспитно-образовни подрачја со разни содржини. Децата ќе бидат вклучени во расчистување и уредување на дворната површина со засадување на дрвца, цвеќиња, одгледување на собни и украсни растенија, учество во одржувањето на хигиената во просториите во кои престојуваат и друго. Со овие активности ќе се делува врз развивање на еколошката свест кај децата, да внимаваат и да се грижат за својата околина, да не расфрлаат отпадоци, да научат да го селектираат отпад, да воочуваат како може да се разубавува просторот, развивање љубов кон природата, воочување на убавините во природата, грижливо однесување кон околината, организирање заеднички еко-акции со вработените, децата и родителите.

### *3.4.1 Еколошка едукација и ориентација кај децата од предучилишна возраст*

Живееме во мошне турболентно време, кое ни отвора нови хоризонти на истражување и работа во воспитно – образовниот процес. Секојдневно се соочуваме со различни проблеми на животната средина кои се од круцијално значење за опстанокот на нашата планета. Со само тоа доведен е во прашање правилниот раст и развој на идните поколенија. Неопходна е правилна еколошлка едукација и рационално управување со животната средина што значи да се направи избор за најдобри начини за користење ограничените природни ресурси. Притоа рационалноста и ефикасноста на решенијата, зависат пред се од квалитетот и релевантноста на значењето со кои се располага во донесувањето одлуки. Со тоа се приденосува за подигање на свеста и промени на навики кај децата од најмала возраст, со поттикнување да превземат иницијативи и да бидат позитивен пример. Треба да им се објасни на децата на адекватен начин, дека ние сме тие кои треба да придонесеме за подобра животна средина. Со сигурност може да се каже дека централна улога во развојот на еколошката свест кај децата од предучилишната возраст, а особено разбирање помеѓу животната средина ја имаат информациите со кои се стекнуваат од рана возраст. Од таму произлегува и одговорноста што му припаѓа на предучилишното образование и воспитание како и местото што тоа го има во целосно и посестрано еколошко воспитание и образование на генерациите што доаѓаат.

Тоа пак има за цел заштита на биолошката разновидност, прифатливо користење на нејзините компоненти и чесна праведна распределба на придобивки настанати како резултат на користење генерички ресурси вклучително преку пристапот до истите и преку трансферот на соодветни технологии имајќи ги во предвид на тие ресурси и технологии, како и преку соодветни фондови. За да се придонесе кон заштита на правото на сегашни и идни генарации, да живеат во животна средина што е соодветна за нивното здравје и добросостојба со што се гарантираат правата до информациите и

учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правата кај прашањето поврзано со заштита на животната средина.

Ние како еко градинка ја имаме усвоено заштитата на животната средина како една од основните вредности за управување и раководење.

Во нашата воспитно – образовна институција покрај тоа што ќе ги воспитуваме и едуцираме децата на тема заштита на животната средина, паралелно ќе се едуцираат сите вработени и ќе ја имплентираме програмата во ВОП.

Само со влегувањето на еколошките содржини во рамките на воспитно – образовната работа со децата од предучилишна возраст ќе се надмине состојбата на висок степен на деградација на животната  и работна средина, природните еко системи и живиот свет во нив, како и опасноста од се поголеми нарушувања на природната рамнотежа во сите сфери на живеење. Притоа го имаме во предвид фактот дека човекот со својата неукост и крајна индолентност кон животната средина се јавува како примарен фактор за загрозување на својот основен животен простор.

Со сето ова може да констатираме дека покрај родителите, како примарен фактор на воспитување на детската индивидуа не помала е улогата на детската градинка. Во однос на партиципирање на еколошката едукација и правилна ориентација на еколошката свест кај децата од предучилишна возраст со севкупниот воспитно – образовен тим на градинката, може да резимираме дека работи перманентно на еколошко – етичка едукација на најмладите.

Токму овој вид едукација се имплентира во сите воспитно – образовни содржини затоа што сметаме дека етичките сознанија стекнати во најрана возраст се основа на целокупно натамошниот развој на еколошката свест и етичко дејствување на детската личност.

Задоволувајќи ја својата љубопитност ако ѕирнеме во светската литратура ќе синтетизираме дека се става посебен акцент на етичко и еколошкото воспитување , како дел од секојдневните начини на педагошкото дејствување и разбирање.

Како битен фактор во формирање на  личноста на детето најзастапени воспитно – образовни содржини се од екологија во кој проткајува етичко воспитание и образование и тоа низ универзалните вредности: мир, љубов, вистина, ненасилство и добро однесување.

Кажано со други зборови низ разновидни игровни активности и секојдневна примена на најголемите животни и морални вредности во етичкото воспитание на децата, со што се надеваме дека ќе успееме да создадеме генерации со високо развиено ниво на еколошка свест и вечна и љубов кон природата и се што не опкружува.

Од месец Мај 2011 год. нашата градинка  стана дел од мрежата “Еко – градинки”, раководени од Министерството за образование и наука и здружението ОХО, со што екологијата стана задолжителна во предучилишната едукација.

Ова е резултат на заложбата и постигнатите резултати на градинката, која заштитата на животната средина ја постави како една од основните вредности и приоритети во своето работење.

Во услови на глобално климатски промени на планетата неминовно се наметнува потребата од стекнување на еколошко воспитание и образование од најрана возраст, што децата го добиваат секојдневно со реализирање на активности и содржини преку ВОП области. При тоа потребна е неспорна соработката со родителите, со Локалната самоуправа, Градоначалникот, Директорот.

Оваа година се продолжува со инплементација на програмата “Интеграција на еколошка едукација во Македонскиот образовен систем“ (ОХО), препорачана од МОН на РМ и Шведската агенција за развој и соработка, а врз основа на заклучоците од Владата на РМ за вклучување на еколошката едукација во македонскиот образовен систем, за што Министерството за образование и наука потпиша Меморандум за соработка со Шведската агенција за развој и соработка за поставување на програмата “Немаме резервна планета“ на институционално ниво, дел од задолжителната Програма за работа на градинките и училиштата.

Целта на оваа програма е интеграција на заштитата на животната средина во воспитно-образовниот процес, подигнување на свеста на децата, воспитувачите, другиот персонал, родителите и на сите оние кои директно или индиректно се вклучени во работата на градинката, стекнување активна и одговорна улога во заштитата на животната средина која ќе ја практикуваат во градинката, во домот, во локалната заедница и пошироко.

Во програмата ќе се реализираат следните еколошки цели:

-формирање правилен и позитивен однос кон природата и урбаната средина,

-осознавање на потребата од чистота и уредност во градинката и во домот и начините на грижа,

-осознавање на потребата од заштита и грижа за животната средина,

-согледување на влијанијата на човекот кон природата, воочување и препознавање на позитивните и негативните промени кои настануваат како резултат на човечкото делување,

-воочување на примери на грижливо однесување кон природата и средината во која секојдневно се престојува, игра, учи , живее,

-осознавање на децата со природните ресурси кои човекот, животните и растенијата ги користат за својот опстанок (вода, почва, воздух, сонце, дрво, нафта),

-стекнување на сознанија за потребата од зачувувањето на природните ресурси (важноста на водата и штедење на истата, штедење на енергијата, одпадот и односот кон него за чиста животна средина, грижа за растенијата, грижа за животните, грижа за планетата Земја,

-поттикнување и грижлив и економичен однос кон материјалните вредности (чист простор, украсни растенија, куќички за птиците, пошумување и слично).

Целта на проектот е еколошка едукација на повеќе нивоа:

- Ниво на Совет на родители
- Ниво на воспитно-образовен кадар
- Ниво на вработени во Установата
- Ниво на деца
- Ниво на општествена заедница
- Ниво на општина
- Ниво на НВО
- Ниво на медиуми

Крајна цел на оваа програма е достигнување на статус на ЕКО ГРАДИНКА.

Програмата за екологија се спроведува во повеќе чекори и тоа:

- Формирање на ЕКО одбор
- Анализа на состојбата на животната средина;
- План на активности
- План за информирање и вклучување на училиштата и локалната заедница;
- Поврзување со воспитно-образовната програма
- Еко кодекс

### 3.5 План за реализација на содржини од областа за еднакви можности

Во рамки на реализација на воспитно-образовната програма во сите воспитни групи во детската градинка “Гонча Туфа” - Крушево, застапени се содржини односно работни активности во кои децата преку игра им помагаат во работата на возрасните и го имитираат нивниот начин на реализација на активноста и однесувањето. Токму во рамките на тие работни активност се предвидени основите на прграмата за еднаквост на машките и женските деца преку кои се надминуваат стереотипите, предрасудите и научните норми за тоа што е машка што е женска работа, кои се играчки за машки, кои се играчки за женски деца и тн. Покрај активностите кои се предвидени за реализација преку воспитно образовната програма, посебно место ќе заземат и средбите со родителите, на кои преку практични примери ќе се трудиме да им помогнеме да ги одстранат и надминат стекнатите сваќања за поделеност на активностите на машки и женски, спорт за машки и женски, боја на облека за машки и женски и тн.

Работата по проекти што е начин на реализација на воспитно образовната програма овозможува вклучување на сите деца без исклучок при спроведување на проектните активности како од еко програмата, така и од останатите проектни активности кои се реализираат во текот на годината, како на пример:

- При реализација на приредбите сите деца ќе учествуваат во игрите и драматизациите;
- Подготовка на зимница, за време на празници како Коледе, Бадник, Божиќ, Велигден, при традиционалните подготовки ќе учествуваат сите деца од градинката;
- Уредувањето на цветната градина, дворот, грижата за растенијата и други еко активности ги изведуваат децата заедно со помош на возрасните кои им даваат пример за работа;
- При посета на институции и организации децата треба да се запознаат со занимањата и професиите на другите луѓе и при тоа да сватат дека сите професии се подеднакво достапни и за машките и за женските.
- Преку вклучување на професионалци кои вршат машки или женски професии ќе им докажеме на децата дека секоја професија е и за машко и за женско, како на пример: жена – војник, жена – полицаец, маж што шие или вези на машина и др.

Секојдневните активности во занималната покажуваат дека подеднакво ќе се грижат и машките и женските деца за успешна реализација на истите, возрасните и децата заедно работат за да имаат уреден, функционален простор во кој ќе престојуваат. Мора да нагласиме дека еднаквите можности не ги сваќаме како родова еднаквост, туку овде даваме акцент и на вклучување во редовните групи и деца со лесна попреченост во развојот. За таа цел во нашата установа вработените кои се непосредни реализатори на целокупните активности во групата и кои се постојано со децата имаат непроценлива заслуга за правилна адаптација на тие деца во групата, во рамките на нивните развојни можности.

Треба да го посочиме на фактот дека пак потребата од откривање и поттикнување на надарените деца и овозможување на развој на нивните способности е од уште поголемо значење, за што треба да се направат напори за прилагодување на програмата за работа, можности за напредување кои ќе бидат усогласени со основното образование.

Меѓутоа, за да можеме да влијаеме на правилен поглед на свет на еднаквост меѓу родовите, треба прво возрасните да се ослободат од предрасудите кои им се длабоко вкоренети, па потоа да делуваме воспитно кај децата, затоа и овде е клучна соработката на родителите со воспитувачите и со пошироката заедница преку учество во трибини, едукативни работилници да се делува на сите фронтови едновремено за да биде успехот целосен.

### 3.6 Здравствена заштита на децата

Со оглед на тоа дека во предучилишните установи престојуваат деца од 8 месечна до 6 годишна возраст, период кога е потребна максимална грижа за нивниот развој и телесно здравје, ќе се спроведува континуирана превентивна медицинска грижа.

Овој период во детскиот живот е обременет со разни видови болести што го напаѓаат детето, а со тоа се потенцираат и специјално настанатите услови на колективен живот.

Целта на задачите за здравствената заштита се:
-де се обезбеди најдобра можна избалансирана исхрана;
-да се спречат што е можно повеќе банални инфекции и заразни заболувања;
-да се овозможат најдобри хигиенски услови за престој;
-како да се постигне рано откривање на вродени и стекнати мани со цел што побрзо да се корегираат истите и слично.

Носители и извршители на мерките за здравствената заштита е целокупниот вработен персонал. Целта на здравсвената заштита на децата од градинката е подигање на здрава и правилна психо-физички и социо-емоционална личност и отстранување на штетното влијание врз здравјето на децата. За да се постигне целта пред се е важно организирање на правилен ритам на животот во градинката и семејството:
-правилна исхрана со високо калорична вредност, соодветна на биолошкиот ритам на детскиот организам;
-редовно следење на растењето, развојот и здравствената состојба на децата;
-правилен распоред на активностите во текот на денот и задоволување на животните потреби од храна, одмор, игра и одржување на хигиената.

Сето ова се изведува преку континуирана грижа за прехрамбените продукти што се употребуваат, преку контролата на хигиената на објектот, персоналот и децата, преку ефикасна тријажа, преку систематски прегледи, едукација на персоналот за подобра здравствена заштита и контакти со родителите со цел да им се објаснат откриените заболувања кај нивните деца за што побрзо и навремено корегирање. Носители на здравствената заштита во градинката се всушност сите вработени бидејќи нивниот контакт со децата е постојан. Ова го координираат негувателките кои работат во Установата.

Во склоп на здравствената заштита, покрај останатите активности со децата во насока на развивање на телесните состојби кај детето, ќе се работи за надминување на проблемот на рамните стопала кај децата, особено кај децата од четири до шест годишна возраст.

Редовно ќе се извршуваат санитарно-инспекциски контроли од страна на надлежните служби од Заводот за здравствена заштита како и редовно извршување дезинфекција, дезинсекција и дератизација во Установата. Дадени се упатства за постапување за заштита од заразни болести и упатства за заштита од корона вирусот.

За превенција и заштита од кариес на забите на децата ќе се извршуваат систематски прегледи од страна на стоматолог како и редовни предавања и работилници и давање практични упатства за одржување на хигиената и здравјето на забите.

Ќе се вршат редовни контроли во кујната од страна на Центарот за јавно здравје, Агенција за храна и ветеринарство и Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

### 3.7 Јавна и културна дејност

Покрај основната воспитно-образовна и згрижувачка дејност во Установата особено ќе се обрне внимание и на културно-забавниот живот на децата. Со цел кај децата да се развие љубов кон убавото, уметноста, музиката и литературата, ќе се посетуваат сите приредби што ќе се одржуваат во градот од страна на детски драмски театри, куклени претстави, детски фестивали и други манифестации наменети за деца. Ќе се организираат посети на музеи, галерии, историски споменици и друго.

Во градинката ќе се организираат прослави и приредби по повод:

Нова Година, Осми Март, Патрониот празник на градинката, ќе бидат одбележани и државните празници со разни содржини и тоа: 8-ми Септември, 11-ти Октомври, 1-ви мај и други.

По повод денот на шегата "1-ви април" во Установата ќе се организира маскембал при што децата маскирани дефилираат низ улиците на градот и градскиот плоштад.

Во текот на годината ќе се организираат прослави на родендени и имендени на децата.

Во склоп на темите за работа и надвор од нив ќе се организираат куклени претстави во холот на градинката во кои главни учесници ќе бидат воспитувачките. Ќе се организираат драмски претстави од страна на професионални глумци од Скопје.

Покрај овие содржини децата ќе земат учество и на разни фестивали и манифестации за деца организирани на ниво на град.

Ќе се учествува на ликовен конкурс организиран на ниво на Република во организација на Сојузот за грижи и воспитување на децата на Македонија.

Ќе се организираат екскурзии и посети на други градинки.

Распоред на активности кои ќе се реализираат во текот на годината според календарот на значајни датуми од септември па до јуни:

- 8-ми Септември – Ден на независноста на РСМ - Септември,
- 20-ти септември – Еко проект- МЛАДИ ЕКОЛОГИСТИ- Септември
- Недела на детето – Со планирани активности за време на целата недела - од 03 до 07 Октомври,
- 4-ти октомври – Иницијатива за еколошка општина "За чисто Крушево"- Октомври,
- 11-ти Октомври - Ден на народното востание – Октомври,
- 23-ти Октомври - Ден на македонската револуционерна броба – Октомври,
- Ја испраќаме есента – Приредба од децата за родителите – Октомври,
- Да ја украсиме занималната – Работилница со родителите – Декември,
- Нова година – Приредба – Декември,
- Коледе, Божиќ, Бадник – Ја негуваме традицијата – Јануари,
- Да направиме подарок за мама - Работилница со родителите – Март,
- 4-ти Април - Одбележување на патрониот празник на градинката – Април,
- Денови на екологијата- еднаш месечно во текот на целата година,
- 1-ви Април - Погоди кој сум – Маскембал – Април,

- Хуманитарна акција – Да ја подариме омилената облека, користени играчки и сиковници двапати годишно (за недела на детето и за Велигден),
- 22-ри Април - Ден на планетата земја – Април,
- Да фарбаме најубаво јајце- Работилница со родители по повод Велигден-Април
- Како да се движиме по улица? – Мај,
- Завршна приредба – Јуни.

Посебно место заземаат приредбите, новогодишните празнувања со доаѓањето на Дедо Мраз и сите активности кои се поврзани со него зошто сето тоа има некој посебна магија. Со обележување на сите празници кои следат после Нова година, Бадник, Божиќ, Велигденските празници, пролетните и еколошки активности и одржувањето на Завршната приредба ќе заокружиме уште една година исполнета со јавни и културни празнувања и активности на децата и вработените во детската градинка "Гонча Туфа" – Крушево.

### 3.8 Соработка со родителите

Соработката помеѓу семејството и градинката е значаен фактор во процесот на воспитание и развој на детската личност.

Семејствата и предучилишните установи се упатени едни на други и успехот на воспитувањето зависи од постојаната комуникација. Појдовна основа за соработка со родителите се взаемното почитување, интересите на децата и нивната желба тие да им бидат здрави, задоволни и спремни за животот што ги очекува.

Соработката на детската градинка со родителите и квалитетната комуникација на релација воспитувач/негувател-родител е еден од основните фактори, насочени кон обезбедување на правилен и оптимален развој и учење на детето. Во реализација на целите, содржините и активностите од оваа програма предвидени во рамките на секој аспект од развојот на детето, треба да се обезбеди:

-Поттикнување на родителите за учество во креирање на Годишната програма за работа на детската градинка;

-Поттикнување на родителите за нивно активно вклучување во подготовката за воспитно-образовниот процес (договори за реализација на одредени теми, изработка на дидактички средства и материјали за реализација на воспитно-образовната дејност и сл.);

-Поддршка на родителите за учество во реализација на дел од планираните содржини;

-Присуство на родителите во детската градинка во процесот на адаптација на детето, на креативни работилници во градинката во врска со различни поводи и празници, присуство на заеднички прослави, приредби на децата, излети, проектни активности и сл.;

-Организирање на родителски средби и разговори со родители (индивидуални мали групи и заеднички);

-Информирање на родителите (усно и писмено-интернет комуникација, огласна табла, информативни материјали и др.) во врска со развојните постигања и напредувања на децата, како и со актуелни настани во

градинката;

-Консултативни разговори со цел навремено реагирање и конструктивно решавање на проблеми поврзани со развојот и учењето на детето;

-Учество на родителите во критичко вреднување на постигањата на детето и работата на градинката.

Градинката треба да биде подготвена и отворена за едукација и поддршка на родителите.

| **Задачи на тимот во градинката** |
|---|
| -Да негуваат професионализам во работата со родителите и почитување на родителите како рамноправни партнери во развојот и учењето на децата од предучилишна возраст |
| -Да го негуваат дијалогот со родителите во врска со детскиот развој и учењето во градинката и во домот |
| -Заедно со родителите да обезбедуваат најдобар можен начин на усогласување на различните воспитни влијанија во опкружувања во кои престојува детето: семејство, градинка, игротеки, детски клубови ... |
| -Да обезбедува услови за квалитетно партнерство, доверба, добредојде, пријатна атмосфера (катче за родители, пано за родители, размена на информации во индивидуални и групни разговори, заеднички активности за планирање, реализирање и евалуација на воспитно-образовната работа) |

Содржината на партнерството може да се реализира низ некои форми на соработка:

| **Форми на соработка** | **Цел** |
|---|---|
| -родителски средби<br>-попладневни креативни работилници<br>-дневни неформални контакти<br>-индивидуални и групни разговори и дискусии<br>-писмени објаснувања и контакти<br>-известувања преку паноа за родители<br>-изложба од детски изработки<br>-посета на родителите во домот и на работното место<br>-воспитно-образовни активности со родители<br>-образование за одговорно родителство<br>-учество на родителите во Совет на родители<br>-вклучување на родителите во реализирањето на активности од воспитно-образовната дејност: приредби, манифестации, прослави, изложби, излети, посети...<br>-обработка на теми од областа на педагогијата, психологијата, дефектологијата, здравството, со цел едукација на родителите<br>-изработка на флаери со актуелни педагошки | -запознавање на родителите со планот и програмата за работа со децата во текот на воспитната година, примената на детски списанија и прирачници, како и запознавање со факултативните програми во градинката<br>-поттикнување на емоционалниот развој преку заедничко дружење и развивање на креативните способности<br>-позитивен став кон институционалното воспитание и образование на децата од предучилишна возраст<br>-насочување во изборот на постапки и средства во однос на позитивните влијанија во воспитувањето и развојот на децата<br>-развивање на поголема чувствителност за ситуации кои влијаат на психичкиот развој и посебно на емоционалниот аспект од развојот<br>-усогласување на позитивните влијанија во грижата за здравјето, развојот, воспитанието и образованието на децата. |

| | |
|---|---|
| содржини. | |

Во текот на воспитната година ќе се реализираат повеќе форми на соработка со родителите:

| **Активности** | **Време на реализација** |
|---|---|
| Родителски средби, едукативни работилници, организирани наменски, како дел од проектните активности, одбележување одредени датуми... | Септември - Мај |
| Активно учество со конкретни активности по повод Детската недела | Октомври |
| Соработка и учество во организирањето и реализирањето на проектни активности, посети, прошетки, хуманитарни акции, еко кампањи... | Во текот на восп. година |
| Креативни работилници по повод испраќање на есента | Ноември |
| Новогодишна креативна работилница, лотарија и забава | Декември |
| Креативна работилница по повод денот на жената | Март |
| Еко акции и кампањи по повод денови на пролетта и екологијата | Март |
| Велигденска креативна работилница | Април |
| Учество во организирање и реализација на активности по повод ден на ЕУ | Мај |
| Учество во организирање на активности за одбележување на денот на семејството | Мај |
| Учество во организирање и реализирање на прослава по повод испраќање на децата во училиште | Јуни |

Друг аспект на соработката на семејството со градинката е:

-Континуирано настојување на градинката вредностите кои градинката ги формира и почитува да ги усвои и семејството како свои вредности и го поддржува нивното постоење и надвор од градинката т.е во семејството. Тоа се вредности на: самостојност, дружељубивост, одговорност, прилагодување, истрајност и одлучност.

-Секој напредок кај децата е последица на заедничкото делување на родителите и градинката, а нестабилност или регресија е знак дека соработката била површна и недоволна.

-Со своите предлози, сугестии, препораки, родителите да ја унапредат творечката средина во која престојуваат нивните деца и така интерактивно поттикнувајќи го развојот на децата во групата.

-Прифаќајќи ги препораките од воспитно-згрижувачкиот тим родителите навремено ќе го насочуваат развојот на своето дете, во оптимален правец и создавање услови своевремено да формира навики и вештини прилагодени на возраста на детето.
-Пред родителите има огласна табла, која покрај директниот разговор е прв чекор во информирањето за активностите на детето во градинка. Родителите треба да планираат, организираат, менуваат, да бараат оваа табла да биде што, побогата и посодржајна, а со тоа и престојот на нивното дете во градинка ќе биде поттикнувачки и посодржаен.

Успешно реализирање на воспито-образовната и згрижувачката дејност зависи од добро воспоставената меѓусебна соработка помеѓу градинката и семејството и обратно.

Воспитувањето на децата е посебна обврска на градинката и заради тоа е многу важна меѓусебната соработка на семејството и градинката.

Воспитувањето на децата е заедничка обврска на родителите и предучилишната установа, па затоа е неопходно потребно меѓусебно запознавање и соработка.

Добра соработка со семејството претставува взаемно почитување и доверба меѓу родителите и воспитно-згрижувачкиот кадар.

Меѓусебното познавање и разбирање ќе овозможи договор и усогласување на ставовите и постапките во воспитувањето на децата. Отвореноста на Установата кон семејството подразбира не само учество на родителите како корисници на услуги туку и директно вклучување во осмислување и збогатување на воспитно–образовниот процес. Меѓусебното информирање содржи податоци врзани за животот на детето во семејството и Установата.

Форми на меѓусебно информирање и соработка се секојдневните контакти, писмените информации преку огласната табла, на родителските средби (без и со предходна најава), групните и општите родителски состаноци, организирани работилници, присуство и учество на насочени и слободни активности , посети во домовите на децата и воопшто присуство во животот во градинката.

Родителите, преку Советот на родители, ќе се вклучуваат во разни активности по нивна иницијатива.

### 3.9 Следење и унапредување на воспитно – згрижувачката дејност

Унапредувањето и следењето на згрижувачката и воспитно-образовната работа во детската градинка “Гонча Туфа”-Крушево ќе се реализира преку планот и програмата за работа на:

- Стручен совет
- Совет на родители
- Совет на воспитувачки
- Совет на негувателки
- Директор

### 3.9.1 Стручен совет

| Ред. бр. | Содржина на работа | Носител на активноста | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1 | - Давање на стручни основи за изготвување на годишната програма за работа за учебната 2023/2024 година;<br>- Предлог активности кои ќе се реализираат со Еко програмата во учебната 2023/2024 година;<br>- Формирање на воспитни групи<br>- Распоред на вработените по воспитни групи;<br>-Распоред на дневни активности по возрасни групи;<br>- Изготвување на листа за јадење;<br>- Упис на деца;<br>- Организирање на родителски средби во сите групи;<br>- 8-ми Септември - предлог активности за одбележување на празникот;<br>-Договор за учество во Еко проект на ниво на градинка “Млади екологисти”. | Директор, Членови на стручен совет | Септември |
| 2 | - Предлог активности за одбележување на Недела на детето;<br>- План за одбележување на 11-ти Октомври и 23-ти Октомври;<br>- Договор за престојна Есенска приредба;<br>- Разгледување на тековни прашања околу воспитно-образовната работа и организацијата на работа; | Директор, Членови на стручен совет | Октомври |
| 3 | - Активности и подготовки за есенска приредба;<br>- Спроведување на Еко програмата преку повеќе активности; | Директор, Членови на стручен совет Еко -одбор | Ноември |
| 4 | - Договор за престојните Новогодишни празнувања; | Директор, Членови на | Декември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Организирање работилница – Да ја украсиме нашата занимална со родителите;<br>- Предлог активности за организирање на приредба по повод Новогодишните празници; | стручен совет | |
| 5 | - Бадник, Божиќ наша традиција – активности за начин на обележување на престојните празници;<br>- Текот на реализирањето на Еко програмата;<br>- Анализа на реализираните воспитно-образовни активности во изминатиот период; | Директор, Членови на стручен совет Еко-одбор | Јануари |
| 6 | - Разгледување на тековни прашања од сите области на работењето на градинката;<br>- Активности околу организирање на едукативна работилница во соработка лекар специјалист од одредена област; | Директор, Членови на стручен совет | Февруари |
| 7 | - Активности околу организирање на работилница на која учествуваат татковци и деца по повод празникот 8-ми Март;<br>- Приредба за 8-ми Март;<br>- Едукативни родителски средби со родителите;<br>- Еколошки активности во соработка со пошироката заедница<br>- Тековни прашања од работата на градинката; | Директор, Членови на стручен совет, ЕКО одбор | Март |
| 8 | - Активности околу организирање прослава за 1-ви Април;<br>- Активност околу организирање на прослава за 22-ри Април - Ден на планетата земја – Април<br>- Хуманитарни активности;<br>- Предлог активности околу оргагнизирање на работилница по повод велигденските празници; | Директор, Членови на стручен совет | Април |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9 | - Активности за организирање на екскурзија за посета на детска градина од соседна општина;<br>-Едукативна работилница со родителите;<br>- Завршна приредба; | Директор, Членови на стручен совет | Мај |
| 10 | - Анализа на реализираните активност од сите области во текот на годината – воспитно образовната работа, соработката со родителите, соработката со пошироката околина; | Директор, Членови на стручен совет | Јуни |

### 3.9.2 Советот на родители

Советот на родители ја следи, разгледува и дава мислење за остварувањето на дејноста во детската градинка. Советот на родители ќе се ангажира во давање помош за реализирање на зацртаните активности во програмите за работа со децата. Ќе се залага за давање на иницијативи и предлози за некои активности во градинката, како изнаоѓање донации за потребите на градинката или за децата, пр. собирање финансиска помош, собирање облека за социјално загрозени деца, вклучувајќи се во хуманитарно едукативниот проект "Од дете за дете", организирање акции за засадување на украсни дрвца и цвеќиња во дворот и терасите, украсување на занималните и холот на градинката, собирање играчки и сликовници, организирање работилници за разни изработки, дружење меѓу родителите и друго.

### 3.9.3 Совет на воспитувачи

Советот на воспитувачи го сочинуваат сите воспитувачки од установата и истиот во текот а годината преку редовни средби ќе разгледува прашања од различни области кои произлегуваат од спецификата на работата, но и од моментално актуелни проблем како:

- Размена на искуства и знаење за имплементација на електронско водење на педагошката евиденција како дневник за работа во група, глобално тематско и дневно планирање;
- Естетско и функционално уредување на просторот во кој што престојуваат децата;
- Организирање на родителски средби и работилници по одделни теми важни за развојот на детето;

- Изготвување и реализирање на план на активности кои ќе се одвиваат по повод одбележување на Недела на детето и други позначајни датуми;
- Планирање и реализација на културно - забавниот живот, приредби, прослави и манифестации;
- Запознавање на децата со традицијата;
- Организација на натпреварувачки игри;
- Заеднички игри на родителите, децата и воспитно згрижувачкиот кадар;
- Проценка на степенот на реализација на содржините од воспитно образовната работа;
- Советот на воспитувачи редовно ќе одржува консултативни состаноци и разговори со родителите од сите аспекти за полесна адаптација на децата;
- Размена на информации помеѓу родителите и воспитувачите за постигнатите резултати во развојот на децата;
- Меѓусебни консултации на воспитно-згрижувачкиот кадар за организација и организација на сите културни и јавни манифестации.

### 3.9.4 Совет на негувателки

Советот на негувателки го сочинуваат сите негувателки во установата. Во текот на годината ќе решава за прашања од згрижувачко-воспитен и превентивно-здравствен карактер. Задачи на советот на негувателки ќе бидат:

- Унапредување на згрижувачко-воспитната дејност преку водење на тетратка за грижа на децата, задолжително дневно планирање на слободните активности;
- Грижа и превентивно здравствено делување кај децата;
- Правилна исхрана- значаен фактор за правилен развој на децата;
- Правилно држење на телото;
- Санитарно-хигиенски услови во објектите (занималните);
- Присуство на едукативни работилници, семинари и имплементација на стекнатите знаења;
- Естетско уредување на просторот во и пред занималната;

Покрај тоа советот на негователки редовно ќе одржува консултативни разговори со родителите, стручните служби, директорот, а по сопствено согледување ќе дава предлози за потреба од организирање на предавања по одредени актуелни теми од стручни лица за таа проблематика, со цел унапредување и подобрување на воспитно-образовната и згрижувачката работа на градинката.

Стручните активи ќе обработуваат теми од превентивно здравствен карактер, исхраната на децата, емоционалниот развој на децата, развојот на културно-хигиенските навики кај децата, развој на воспитно-образовниот потенцијал кај децата, развој на моториката, непосредна работа со децата на полето на развивање на логичко мислење преку организирање на многубројни

истражувачки активности и игри со чија помош ќе се осознава самото себе, својата околина и тн.

За унапредување на воспитно-образовната работа ќе се планираат активности преку индивидуални и колективни форми на работа.

Преку редовно организирање на средби на советот на воспитувачки и згрижувачки работници, постојано и навремено ќе ги споделуваат и пренесуваат сознанијата стекнати на семинари или работилници, организирање на предавања со стручни лица со цел унапредување на воспитно образовната работа.

### 3.9.5 Стручно усовршување на воспитно-образовниот и згрижувачкиот кадар

Во текот на воспитната година стручното усовршување на кадарот ќе се реализира низ повеќе форми и активности и тоа:

-Проектите, содржините, целите, задачите и ресурсите се осмислуваат тимски во градинката, со цел усовршување на воспитно-образовниот процесс во корелација со најновите педагошко-психолошки и научни истражувања и достигнувања. Низ проектите кои се работат со децата, се стекнуваат практични искуства за методолошкиот пристап кон разработка на темите, опсервација на текот на реализацијата на темата и анализа на тематскиот приказ. Темата се презентира пред вработените, родителите, други стручни лица и гости.

-Учество на семинари и обуки организирани на локално и национално ниво, како и на меѓународно ниво.

-Серија на работилници за едукација на воспитно-згрижувачкиот кадар и запознавање со Програмата за рано учење и развој, како и инплементација на Стандардите за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 години.

-Посета на симпозиуми, советувања, конференции од областа на педагогијата, психологијата, дефектологијата, здравството и слично.

-Едукација на кадарот во градинката преку организирани предавања од стручни лица.

-Стручни средби со вработени од други градинки.

-Редовно информирање на кадарот од нови изданија на стручна литература и учество на советувања и семинари кои ги организира Бирото за развој на образованието, Министерството за труд и социјална политика и други невладини и граѓански здруженија и организации.

-Набавка на ново издадена литература во градинката и следење на истата од страна на стручните лица.

-Индивидуално стручно усовршување преку самостојно следење на современа стручна литература од страна на кадарот;

-стручно усовршување преку практична примена на соодветни постапки и форми на работа од современите трендови;

Стручното усовршување ќе се врши и преку теоретски, практични и онлајн предавања и работилници организирани од стручни институции.

### 3.9.6 Активности за вклучување на децата во градинката

Детската градинка претставува поволна општествена и материјална средина со најдобри услови, средства и примери, поттици за развој на богати, разновидни и осмислени активности. Преку нив детето може да се ангажира, со задоволство и без пречки, а притоа користејќи ги своите потенцијали за холистички развој. Со тоа детето практично, конструктивно и творечки дејствува, игра, комуницира, соработува со своите врсници, со возрасните во градинката и надвор од неа. Основна цел на згрижувањето, воспитанието и образованието на децата од предучилишна возраст е создавање поволна, сигурна, стимулативна и едукативна средина, во која тоа на непосреден начин се здобива со искуства и постепено со организиран систем на содржини ќе се подготвува за создавањето и откривањето на себеси и својата околина. Сите достигања на човековото општество се темелат на културата, и тоа почнувајќи од духовната, националната, културата на образованието, културата на воспитанието, културата на говорот, културата на изразувањето, работната култура итн. Сите овие сегменти кои се однесуваат на подрачјето на културата и културниот напредок, вградени се во Програмата за воспитно-образовна работа.

Во детската геадинка „Гонча Туфа“ при реализирање на згрижувачката и воспитно-образовната работа со децата, вработените секогаш имаат на ум дека:

*Децата се родени да се радуваат
*Децата се родени да истражуваат
*Децата се родени да се чудат
*Децата се родени да испробуваат и грешат
*Децата се родени светот да го менуваат
*Децата се родени да сакаат и да бидат сакани
*Децата се родени да бидат деца и да не го заборават тоа кога ќе пораснат.

### 3.9.7 Инклузија на децата со пречки во менталниот развој или телесна попреченост

Кога степенот на развој на детето не соодветствува со возраста, кога одредени фактори влијаеле на нормалниот психофизички развој на детето, тогаш ние возрасните со сето наше знаење, умеење, љубов, трпение и организација терба да учествуваме во секојдневието на тие деца. Средината на врсници, активностите прилагодени на возраста, координирани со степенот на развој, прилагодувањето на дидактичките материјали, ангажираноста на воспитно-згрижувачкиот тим, во соработка со родителите, се можноста за надминување на се она кое изгледа дека е различно од нормалното.

Појдовна основа за реализација на оваа инклузија е Програмата за рано учење и развој, која укажува дека секое дете учи и напредува со свое индивидуално темпо на развој, секое дете може да учи, во воспитно-образовната работа треба да се почитуваат индивидуалните специфичности, потреби, можности и интереси на секое дете како и потребите на неговото семејство. Секое дете има потенцијал да достигне до одреден развој во одредена возраст во текот

на предучилишниот период.

Во Градинката како место каде организирано се делува врз развојот на децата, ќе се обрне внимание на следните активности:

-Идентификација на децата со пречки во менталниот развој или телесна попреченост, со почитување на различните можности, способности и нивни потреби;

-Отвореноста на градинката за децата со лесна, до умерена ментална или телесна попреченост;

-Создавање на сигурна, стимулативна средина за развој и учење на децата;

-Соработка со семејствата и стручни лица и институции;

Целта на оваа инклузија е:

-Учењето на комуникација;

-Разбирање на она што им се зборува;

-Соочување со секојдневниот живот;

-Почитување на правилата на однесувањето и начинот на кој се реагира и се очекува и од другите да реагираат;

-Активно вклучување во секојдневните активности и игри.

Секојдневните активности ќе се одвиваат во просториите за учење, опремени простории со центри за активност каде што материјалите им се достапни на децата, поставени на соодветна висина и означени, за да се поттикне нивната самостојност.

Децата напредуваат во средина која е прилагодена на нивните индивидуални потреби, а со тоа им се дава можност да уживаат во истите нешта што ги имаат другите деца: игра и дружба со другарчињата, прошетки и излети, пеење и играње, гушкање, љубов...

Меѓусебната соработка и информираност на семејството и градинката, базирана на заемна доверба и партнерски однос, е еден од важните предуслови за постигнување на добри воспитно-образовни резултати со децата. Соработката со родителите се состои од:

-Индивидуални разговори и консултации;

-Групни разговори;

-Домашни посети и родителски состаноци;

-Создавање на тим кој поддржува и помага;

-Вклучување на родителите како партнери за донесување одлуки и за изработка на индивидуален образовен план (ИОП) за неговото дете;

-Активно учество на родителите во активностите со децата.

За успешно реализирање на оваа програма и помош во развојот и напредокот на децата со пречки во менталниот развој или телесна попреченост, градинката ангажира стручни лица во улога на лични асистенти за секое дете со попреченост преку проектот на општина Крушево за ангажирање на лица на позицијата едукатори и негуватели за лица со попречености, а и ќе соработува и со специјализирани институции и организации за деца со попреченост во развојот, ќе ги едуцира стручните лица преку нивно учество на едукативни семинари и работилници за деца со потешкотии во развојот.

Реализирајќи ги активностите и вклученоста на децата со пречки во менталниот развој или телесна попреченост во редовниот воспитно-образовен процес,

придобивките се подеднакви за сите страни (децата со попреченост во развојот, останатите деца и возрасните), а тоа претставува хуманост, емпатија, грижа, одговорност и почит кон различностите.

### 3.9.8 План и програма за работа на директорот

Директорот како индивидуален работоводен орган во Установата со својата работа ќе раководи согласно уставните и законските одредби како и нормативните акти на Установата, а во непосредна соработка со Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија, Единицата на локалната самоуправа, како и стручни институции и други стручни лица кои повремено ќе бидат повикувани и консултирани.

Во својата работа директорот ќе биде главен организатор и координатор на целокупната дејност на Установата. Дел од задачите кои ќе бидат главна преокупација се:

-Навремено подготвување на годишната програма и извештај за работата на Установата;

-Навремено известување на укажана потреба за бројна состојба на децата и кадарот за работа како и финансиските проблеми во институцијата;

-Ќе ја организира работата согласно програмските задачи;

-Ќе се грижи за подобрување на општите услови, за несметано и успешно реализирање и унапредување на воспитно-образовната и згрижувачко-здравствената работа преку следење, координација, контрола и разговори со воспитно-образовниот и згрижувачкиот кадар за здравствената и воспитно-образовната работа;

-Ќе врши посети на воспитни групи по сите воспитно-образовни подрачја, на сите видови активности, согласно Годишниот план за посета на воспитните групи за учебната 2023/2024 година;

-Ќе се залага за стручно усовршување на кадарот;

-Ќе се вклучи во организирање на предавања, семинари и советувања организирани од сручни институции;

-Ќе раководи со стручните тела и ќе ја координира работата меѓу нив;

-Ќе врши увид во целокупната педагошка и друга документација што се води во Установата и ќе овозможи следење на иновациите во воспитно-образовниот процес, координирање на истиот и инструирање на воспитно-образовниот и згрижувачкиот кадар;

-Ќе врши увид во финансиското, материјалното и административното работење;

-Ќе учествува во работата на Управниот одбор во подготвување на седници и ќе се грижи за реализирање на донесените одлуки и заклучоци;

-Ќе се залага за дисциплина и одговорност на вработените, за поуспешно извршување на работните задачи, за економично и рационално работење;

-Ќе соработува со родителите преку разни форми на комуникации, со посебен акцент за нивно педагошко и здравствено воспитување;

-Ќе соработува со невладини организации и здруженија за остварување на донации за помош и опремување на Установата;

-Ќе се залага за остварување на проекти од невладини организации;
-Лобирање и аргументирано настапување пред пошироката јавност, за предностите од користење на услугите на градинката што воедно е и потребно за запознавање со програмата за ран детски развој со што треба да се вклучат што поголем број на родители за нејзино успешно реализирање.
-Користење на разновиден едукативно информативен материјал заради поголема информираност на родителите кои се корисници на услугите на градинката, но и на оние кои не се корисници на услугите заради запознавање со предностите кои ги нуди градинката при давање на услугите;

*Концепсиско-програмска работа*

Во однос на концепциско-програмската работа, директорот ќе ги реализира следните активности:

- Спроведување на мерки за реализирање на Законот за заштита на децата;
- Подготвување на Годишна програма и Годишен извештај за работата на градинката за секоја учебна година и подготвување и на други видови на програми планови и утврдување на проекции за развој и работа на градинката и преземање мерки за нивна реализација.
- Учество во изготвување на финансови планови и финансиски извештаи за секоја деловна година;
- Учествува во изготвувањето на Годишниот план за вработување на установата;
- Непосредна контрола и примена на мерките за заштита при работа предвидени со закон и обезбедување услови за поголема безбедност на децата и вработените во установата;
- Обезбедување на услови за организација на правилна исхрана на децата, поаѓајќи од енергетските потреби на децата и нормативите и листите за јадење предложени од Министерството за труд И социјална политика;
- Обезбедување на кадровски услови за нормално одвивање на дејноста во градинката;
- Редовно учество на седници на Управен одбор во однос на негово информирање за состојбата во установата, а при тоа застапувајќи ја установата, и реализација на одлуките и заклучоците донесени по разни основи од органот на управување;
- Редовна контрола над работата на административно-финансиското работење на градинката;
- Учество во изготвување на Планот за јавни набавки и следење на неговата реализација;
- Следење, надзор и контрола при изготвување на оброците за децата, учество при изготвување на листите за јадење, контрола на артиклите од кои се изготвуваат оброците;
- Давање на мислења и предлози за унапредување на воспитно-образовната и згрижувачката работа со децата;

- Надзор и контрола врз работата на сите вработени со донесување на одлуки и решенија и наредби со кои се решаваат определени прашања, права и одговорности на вработените;
- Раководење со стручните органи преку иницирање на активности за решавање на определени прашања и подготвување на материјали, при тоа почитувајќи ги законските прописи;
- Активно ангажирање во насока на афирмирање и презентирање на установата пред пошироката заедница, како пример за успешна и добро реномирана установа;
- Донесување на одлуки и решенија согласно Законот за работни односи, Законот за административни службеници, Законот за вработени во јавниот сектор и другите законски прописи;
- Создавање на услови и материјални средства за реализирање на Развојниот план на градинката;
- Подготвување на извештаи и информации до органот на управување и материјали за други државни органи и институции;
- Раководење и организирање на подготовките од областа на одбраната и заштитата.

*<u>Аналитичко-студиска работа</u>*

Аналитичко-студиската работа ќе се реализира со:

- Анализирање и проучување на глобалните планирања на ниво на градинка;
- Изготвување анализи, извештаи, информации и други стручни материјали во врска со реализација на програмата за воспитно-образовната дејност во предучилишното образование и воспитание;
- Следење и анализа на месечната потрошувачка за исхрана на децата, со цел да се утврди цената на чинење на услугите за престој на детето во установата;
- Следење и анализа на табели и прегледи за бројот на запишани и отпишани деца, присуство и отсуство на децата и исполнетост на капацитетот во објектот;
- Следење и навремено уочување на потреба од евентуални промени на кадарот, со цел да се придонесе за нормално извршување на работата и подобрување на резултатите од работата;
- Упатување и оспособување на воспитувачите и стручните лица за аналитичко-студиска работа.

*<u>Соработка со родителите</u>*

Вклучувањето на родителите во Советот на родители и непосредна соработка со родителите би се одвивала на следниот начин:

- Редовна комуникација со родителите на децата кои престојуваат во градинката преку индивидуални средби и разговори, групни средби, едукативни средби, родителски средби, работилници и други форми на соработка;
- Вклучување на родителите во соодветни активности во градинката, заради подобрување на процесот на работа;,
- Иницирање и организирање на општи родителски средби;
- Соодветна работа со родителите на децата кои престојуваат во градинката во насока на споделување на информации и искуства, запознавање на родителите со програмата за ран дески развој, презентирање на градинката и можностите и предностите што таа ги нуди, организирање на предавања за родителите од најралични сфери и друго;
- Организирање на стручни средби со родителите на децата од градинката со цел да им се дадат насоки за правилно воспитување и одгледување на нивните деца во семејството;
- Прифаќање на предлози од родителите, спонзорства и донации;
- Подобрување на квалитетот на комуникација воспитувач-родител, негувател-родител, вработен-дете, со цел да се создаде меѓусебна доверба и сигурност;
- Воспоставување на партнерски однос со реодителите и нивно поактивно вклчување во процесот на работа и реализацијата на програмата за работа.
- Воспоставува ефикасни механизми за комуникација и континуирано унапредување на соработката со семејството;
- Соработува со советот на родители заради поголема вклученост на родителите во животот и работата на градинката;
- Воспоставува механизми за редовно прибирање повратни информации од семејствата во насока на подобрување на квалитетот на наставата;
- Планира и овозможува вклучување на родители во одделни сегменти од воспитно образовниот процес (здравствена заштита, почитување и прифаќање на различностите, меѓуетничка интеграција, професионална ориентација, јавна и културна дејност, обичаи и слично).

*<u>Соработка со оранизации и институции во однос на афирмација на градинката пошироко</u>*

Во насока на афирмација на градинката на поширок план, интенција е на директорот да работи на интезивирање на соработката со пошироката заедница преку следните активности:

- Интензивирање на непосредната соработка со Локалната самоуправа на град Крушево, Градоначалникот и Советот на Општина Крушево;
- Непосредна соработка со МТСП;
- Непосредна соработка со Бирото за развој на образованието на РМ во насока на успешна реализација на воспито-образовните содржини;
- Соработка со предучилишни установи во државата и пошироко;
- Соработка со организации и институции од областа на образованието и воспитувањето, науката, културата, здравството, социјалните дејности, стопанските субјекти, екологијата, медиумите и слично;

- Соработка на детската градинка со други стручни институции и органи од градот, државата и надвор од неа;
- Соработка со граѓанскиот сектор и активно вклучување на вработените и децата во проекти од интерес на заедницата и градинката;
- Ја информира заедницата за потребите на градинката и обезбедува поддршка;
- Соработува со локалната заедница при справување со кризни ситуации што ја засегаат градинката и локалната заедница (непогоди, епидемии. насилство и слично);
- Учествува во планирање, реализирање и следење на активности кои промовираат интеркултурно образование;
- Ја презентира работата на градинката и ја промовира преку постигнувањата на децата и вработените;
- Се вклучува во организацијата и реализацијата на превентивни, хуманитарни и културни активности на локалната заедница и пошироко;
- Соработува со заедницата со цел што повеќе деца да бидат интегрирани во процесот на предучилишно образование и воспитание;
- Промовира и прифаќа вклучување на волонтери во градинката и волонтерско ангажирање на вработените во заедницата;

*Перспективи и приоритети во остварување на дејноста*

За успешно остварување на Планот и Програмата за работа и за развој на градинката во периодот што следува, Директорот пред себе ќе си ги постави следните приоритети:

- Следење на промените за Законот за заштита на децата и целокупната друга законска регулатива потребна во работењето на градинката;
- Зголемување на квалитетот на услугите и подобрување на условите за престој на децата во градинката;
- Подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа со воведување на современи и иновативни методи и форми на работа;
- Постојано професионално усовшување на воспитно-згрижувачкиот и другиот кадар во установата;
- Создавање позитивна клима во колективот;
- Создавање на услови за тимска работа која е неопходна во процесот на секојдневното планирање и работење;
- Јакнење на чувството на сигурност и стабилност на вработените во реализацијата на работните задачи;
- Непосредна соработка со родителите, кои во установата би партиципирале со своите идеи за изнаоѓање на заеднички решенија за успешно остварување на дејноста на градинката;
- Непосредна соработка со Советот на родители;
- Непосредна соработка со органот на управување на градинката и извршување на одлуките на истиот;

- Интензивирање на средби и соработка со Градоначалникот и Советот на Општина Крушево, со цел да се запознаат со целокупната дејност и помогнат во изнаоѓање на можни решенија во разрешувањето на конкретни проблеми и истите да придонесат во реализирањето на потребните промени во градинката;
- Непосредна соработка со Министерството за труд и социјална политика и со Бирото за развој на образованието на РМ.

**Оперативна програма за работа на директорот**

| Месец | Активности | Соработка |
|---|---|---|
| септември | Изготвување на Годишна програма за работа на детската градинка | Воспитувачи |
| | Обезбедување услови за започнување на програмската година | Воспитувачи, негуватели |
| | Следење, насочување и давање совети, инструкции во работата на воспитувачите | Воспитувачи |
| | Следење, насочување и давање совети, инструкции во работата на негувателките | Негуватели |
| | Запознавање со педагошка документација и насоки за правилно водење и следење на педагошки насоки од стручни институции | Воспитувачи |
| октомври | Следење на реализираните активности | Воспитувачи и негуватели |
| | Следење и насочување на работата на сите вработени | Вработени |
| | Консултации и советувања со вработените со цел да се подобрат констатираните недостатоци | Вработени |
| ноември | Следење на реализираните активности | Восп., негув. |
| | Следење и насочување на работата на сите вработени | Вработените |
| | Консултации и советувања за активностите од интерните проекти | Восп., негув. |
| декември | Следење на реализираните активности | Восп, негув. |
| | Следење на реализирањето на проектните активности | Восп., негув. |
| | Учество во организирањето и реализирањето на посетите, прошетките како дел од проектните активности. | Восп., негув., надворешни соработници |
| | Подготовки за новогодишни активности | Воспи., негуват. |
| | Увид во педагошка документација | Просветна инспекција |

| | | |
|---|---|---|
| јануари | Следење, насочување и советодавно-инструктивна работа со восп. и негув. | Воспитувачи, негуватели |
| | Следење на работата на пописната комисија | Комисија за попис |
| | Консултации за текот на проектните активности | Воспитувачи |
| | Соработка со стручни институции и реализирање на стручно усовршување на кадарот | Стручни лица<br>Восп., негув. |
| февруари | Осмислување на програми и активности за унапредување на партнерството на градинката со семејството и пошироката општествена средина, со цел поддршка на детскиот развој | Родители<br>Воспитувачи<br>Негуватели |
| | Збогатување на библиотеката со нова стручна литература и детска литература | Воспит., негува.<br>Издавачки куќи |
| | Континуирано стручно усовршување | Учество на предав. |
| | Соработка и помош на децата, нивните родители, воспитно-згрижувачкиот тим, а посебно со родителите чии деца имаат пречки во менталниот развој или телесна попреченост | Восп., негув.<br>Деца<br>Родители |
| март | Советодавно-инструктивна работа со воспитниот кадар за креирање на воспитно-образовниот процес, креирање на методичко-дидактичка концепција, избор на дидактички средства и материјали и сл. | Воспитувачи |
| | Поттикнува и креира активности за активно учество на родителите, во реализација на воспитно-образовниот процес | Родители |
| | Дава свој придонес во естетското и педагошкото обликување на просторот во градинката, посебно во просториите за учење | Воспитувачи, негуватели |
| | Го следи процесот на нега и воспитно-образовна работа во групите-утрински прием, восп.-образ.активности, активности на отворено, проектни активности и сл. | Воспитувачи, негуватели |
| | Им помага на родителите преку различни активности-советодавни, образовни, организациони | Родители |
| април | Соработува со родителите во надминување на некој проблем важен за развојот на детето | Родители, воспитувачи, негуватели |
| | Дава свој придонес, односите во колективот да се засноваат на взаемна доверба, почитување и прифаќање, каде преку личен пример ќе го фаворизира партнерството, разменувањето на идеи, | Вработените |

| | | |
|---|---|---|
| | знаења и тимска работа | |
| | Допринесува да односите воспитувач-дете, воспитувач-родител се засноваат на принципот на взаемна доверба и почитување. Евентуално постоење на некој конфликт, треба да се реши креативно и ненасилно. | Деца<br>Восп., негов.,<br>родители |
| мај | Посета на воспитно-образовни групи и евалуација на активностите | Восп.,негув. |
| | Подготовка за воведување иновации во воспитно-образовниот процес. | Воспитувачи |
| | Допринесува во афирмирање на почитување на индивидуалните развојни карактеристики на детето во рамките на воспитно-образовниот процес | Восп.,негув.<br>Деца<br>Родители |
| јуни | Систематски прати и собира важни податоци за вреднување на воспитно-образовниот процес | Воспитувачи,<br>негуватели,<br>деца, родители |
| | Врши контрола во водењето на педагошката евиденција | Воспитувачи |
| | Советодавно-инструктивана работа со восп.-згриж. кадар, во процесот на унапредување и вреднување на развојот на детето, преку водење соодветни белешки во досието на детето | Воспитувачи,<br>негуватели |
| | Ги запознава воспитувачите со функцијата и техниките на самоевалуација на сопствената работа | Воспитувачи |
| | Изготвување на Годишен извештај за работата на градинката | Воспитувачи,<br>негуватели |
| јули/<br>август | Формирање на групи и распоредување на вработени | Воспитувачи,<br>негуватели |
| | Изготвување на Годишна програма за работа на градинката | Воспитувачи |
| | Учество во изработка на план за работа во летниот период | Воспитувачи,<br>негуватели |
| | Консултации и советувања со вработените со цел подобрување на констатираните недостатоци | Вработените |
| | Учествува во активности кои ги промовираат знаењата, вештините, ставовите, вредностите на здравиот начин на живеење | Воспитувачи,<br>негуватели |

**Во остварувањето на програмските цели и задачи, директорот ќе се води од**

**следното:**

| Принципи |
|---|
| -Целокупното работење на градинката да е во согласност со позитивните законски прописи, подзаконски акти, програмите за воспитно-образовна работа и нормативните акти за градинката |
| -Демократичност и плурализам, што подразбира лесна достапност на предучилишното воспитание и образование за сите деца, а за родителите можност да изберат форма и програма која одговара на нивните барања и е според потребите и интересите на нивните деца |
| -Создавање услови за рамнотежа во развојот на детето, како на физички, така и на емоционален, социјален и интелектуален план |
| -Заедничко делување со родителите на децата при планирањето и реализирањето на специфични проекти од суштински интерес за емоционален и психофизички развој на децата |
| -Забрана на било каков вид на дискриминација на децата |
| -Стручна автономност и одговорност на сите извршители на дејноста, особено на воспитувачите и негувателките кои се основни носители на дејноста |
| -Максимално искористување на стручните потенцијали на вработените и создавање услови за натамошно нивно стручно усовршување |
| -Давање конкретен придонес на планот на унапредување на предучилишното воспитание и образование |
| -Целосна примена на принципите чесност и рационалност во користењето на материјално-финансиските средства на градинката |
| -Интензивирање на соработката со родителите на децата, МТСП, биро за развој на образованието, детски градинки во градот, републиката и пошироко и со други стручни институции. |

## 4. ПЛАНИРАЊЕ И ПРОГРАМИРАЊЕ НА ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

Современите научни сознанија во делот на предучилишното воспитание и образование укажуваат на тоа дека овој период од детскиот развој е највлијателен и е период во кој се формираат основните квалитети на личноста, од кои зависи натамошниот развој на идниот човек. Во овој период детето се социјализира, трансформира, афирмира, се развива и усовршува неговата моторика, се богати и култивира неговиот говор, се задоволуаат потребите на детето за игра и контакти со врсници и возрасни, се развиваат изразните и творечки потенцијали, се создаваат хигиенски, културни, работни и други навики.

Истражувањата покажуваат дека вложувањето во раното воспитание и образование е најисплатлива инвестиција, која се враќа како повеќекратна добивка за иднината на едно општество.

Следејќи ги современите светски и европски текови во предучилишното воспитание и образование, во нашата Установа се реализира програмата за раст, развој и рано учење на децата која опфаќа разни форми на поддршка за промовирање на здрав детски развој. Во одделните степени на развојот на детето се негуваат  и поттикнуваат оние форми на однесување и изразување што се карактерестични за тој период, а се развиваат индивидуалните можности и се создаваат услови за неговиот натамошен развој.

Истата ги обединува здравствената и социјалната заштита, овозможува интелектуални стимулации, давање можност за истражување и активно учење, нуди адекватен социо-емоционален развој и секаков вид на грижа како би им се овозможило на децата во потполност да ги остварат своите потенцијали.

Со цел да се задоволи холистичкиот пристап во развојот на децата, во Установата се работи според Програмата за ран детски развој, која ги  содржи следниве домени:

### *4.1 Здравје и моторен развој*

Здравјето и оспособување на децата за восприемирање, обработка и ораганизација на сетилните сензации се клучни фактори во процесот на растењето и развојот, којштo се одвива во текот на раниот период од животот.

Растот и развојот кај децата е комплементарен процес. Развојот се однесува на промените што настануваат во степенот на комплексоноста на извршување на одредени функции и стекнување на одредени вештини, како се постепено се оди од поедноставни кон посложени промени и совладување на нови вештини во движење на телото, во одржување на рамнотежата, во воспоставување контрола на делови од телото, како и зајакнување на сензомоторнота координација.

Клучните вредности кои се очекуваат од децата на возраст до 6  години и претставуваат  основа за раниот развој и раното учење се:

- Физичка компентентност и добра физичка кондиција
- Активно учество на децата во животната околина која ги опкружува
- Способност за примена на здрави и безбедни практики во секојдневните активности

Доброто физичко здравје им дава на децата енергија и издржливост активно да учествуваат во процесот на учење. Избалансиран моторен развој е поврзан и директно влијае на другите развојни области како што е развојот на говорот, когнитивниот и социо – емоционалниот  развој.

Развојниот процес кај децата се одвива преку следните субдомени:

- Груб моторен развој со кој децата се движат во просторот и воспоставуваат контрола на рамнотежата и координација на екстремитетите при одење, трчање, скокање, качување по скали.

- Фин моторен развој со кој децата постепено стекнуваат вештини како да ги користат дланките и прстите во изведување на прецизни моторни активности (фаќање, пишување, закопчување, отворање, затворање, сечење )
- Здраво и безбедно однесување со кое децата започнуваат да разбираат како дневните активности и безбедните практики влијаат врз целокупното здравје (активности поврзани со лична хигиена, препознавање на штетни и опасни ситуации )
- Сензомоторен развој со кој децата го запознаваат светот околу нив преку сетила.

### *4.2 Социо-емоционален развој*

По природа луѓето се социјални суштества и низ сите фази на животот тие воспоставуваат интеракциксни односи со други луѓе. Токму така и децата го конструираат сопственото знаење за светот околу нив. Правилниот социо-емоцинален развој на секое дете е значително повразан со понатамошниот успех во животот и училиштето. Децата од најрана возраст воспоставуваат социјални контакти со родителите, воспитувачите, врсниците и со др. возрсни лица. Квалитетот на овие социјални контакти го поттикнува правилниот социо-емоционален развој на децата. Во текот на социоемоционалниот развој, децата ги учат вредностите и видовите на однесувања кои се прифатливи за заедницата во која растат и се развиваат.

Безбедната околина позитивната интеракција со возрасните во текот на првите години од животот игра значајна улога во промоцијата на здрав социо-емоционален живот. Успешните социјални контакти овозможуваат развивање на позитивна слика за себе кај детето, но во исто време и развивање на емоционални вештини за самоконтрола.

Позитивните развојни компоненти на оваа развојна област го карактеризираат детето со способности да го контролира своето однесување, да научи да практикува вештини за интеракција со другите лица, вклучувајќи ги и врсниците, како и воспоставување и одржување позитивни односи со околината.

Емоционалната компонента го поттикнува детето на самодоверба и доверба кон другите.

Децата го конструираат сопственото мислење за светот околу нив преку социјални интеракции.

Позитивните социјални односи се формираат главно кога децата развиваат адаптивно однесување, кога се способни да се адаптираат во различни социјални средини и кога активно учествуваат во групни активности. Социјалната компетенција децата ја изразуваат преку емпатија со разбирање, чувствителност и почитување на сличностите и различностите.

Клучните вредности кои се очекуваат од децата во предучилишната возраст во социоемоционалниот развој се:

- Самодоверба и компетентност во интеракциите со околината и врсниците;
- Развивање на поим за себе;
- Способност за разбирање на сопствените емоции;

- Контрола на сопствените чувства;
- Позитивна емоционална состојба;
- Почит и разбирање на сличностите и различностите во заедницата ;
- Развивање на социјални вештини во интеракција со врсниците и возрасните ;

Во рамките на доменот социоемоционален развој се издвојуваат два субдомена:

- Социјален развој со кој детето воспоставува интеракција со социјалната средина и личностите кои што ги опкружуваат:
- Емоционален развој со кој детето ја развива пецепцијата за себе и своите емоции.

### *4.3 Пристап кон учењето*

Малите деца, по својата природа се љубопитни и сакаат да истражуваат. Добро осмислен амбиент којшто ја поттикнува иницијативноста, љубопитноста и интересот кон учењето се клучните фактори кои го унапредуваат пристапот кон учењето на малите деца. Во тоа, секако клучна улога имаат професионалците вклучени во воспитно-образовните процеси во текот на раното детство. Создавањето позитивен амбиент за учење ги стимулира децата да истражуваат, да решаваат проблеми, да покажуваат висок степен на иницијативност, да се поттикнува нивната љубопитност и да се охрабруваат да поставуваат прашања. Во таков еден амбиент, децата развиваат позитивен пристап кон учењето кој е потребен за понатамошен успех во училиште, но и за процесот на активно учење во текот на целиот живот.

Децата треба да бидат мотивирани да ги користат претходно стекнатите знаења и вештини, бидејќи развивање и негување на овој домен остава белег на понатамошниот живот на секое дете.

Најважните вештини кои се развиваат во предучилишниот период се:

- Поттикнување на љубопитноста и интересот кај децата преку учење на нови работи и стекнување нови искуства;
- Развивање на иницијативност;
- Стимулирање на упорност и истрајност во превземените активности;
- Развивање на креативност и инвентивност и користење на истите во секојдневните активности ;
- Развивање на рефлексија и интерпретација, односно детето може да учи на различни начини од сопствените искуства.

### *4.4. Јазик, комуникација и творештво*

Усвојување на јазикот и негово правилно користење е важно за успешно функционирање на секоја индивидуа во општеството. Развивање на јазичните способности се основа за развој на сопствениот идентитет.

Говорниот развој и правилното усвојување на јазикот се комплексни процеси кои започнуваат од раѓањето на детето и се условени од голем број фактори. Со усвојувањето на јазикот детето усвојува еден моќен и комплексен симболички систем, кој го развива и усовршува во текот на целиот живот.

Јазикот на децата им е потребен за да ги изразат своите мисли и чувства, но истовремено им е неопходен за да ги разберат и другите лица со кои секојдневно комуницираат.

Во предучилишниот период ставаме акцент на стимулација и развој на следните вештини:

- Доживување на статусот на македонскиот јазик како државен јазик;
- Способност за слушање и разбирање на говорниот јазик;
- Правилно зборување и елоквенција;
- Збогатување на речникот ;
- Развивање на комуникациски вештини ;
- Создавање интерес кон печатени материјали;
- Препознавање на пишани симболи и букви;
- Изразување на своите идеи преку пишани симболи;

### *4.5. Когнитивен развој и стекнување на општи знаења*

Во предучилишниот период когнитивниот развој се однесува на стекнување на вештини за процена, критичност, решавање на проблеми, разбирање на правила и концепти, како и визуелизација на можностите и последиците.

Процесот на когнитивниот развој вклучува комплекс на ментални активности како: истражување, откривање, презентирање, сортирање, класификација и меморирање на информациите.

Децата не се разликуваат само по начинот на којшто ги стекнуваат општите знаења туку и по начинот на којшто учат, помнат и разбираат. Токму затоа, во воспитно-образовниот процес посветуваме големо внимание на начинот на којшто децата ги стекнуваат знаењата.

Стимулацијата на когнитивниот развој е основа за успехот којшто децата ќе го постигнат во понатамошниот образовен процес. Когнитивниот развој не е изолиран процес, тој зависи од степенот на развој на останатите области, пред се моторниот и социоемоционалниот развој.

Клучните вредности на коишто се посветува посебно внимание се:

- Способност на децата да размислуваат ;
- Можност за стекнување и користење нови информации;
- Активно решавање на проблемите, во зависност од развојниот стадиум;
- Развивање на критичко мислење;

Развојниот процес во доменот на когнитивниот развој се одвива преку :

- Логика и размислување, односно способност децата да истражуваат и откриваат
- Математика и броеви - преку развојот и нумеричките вештини се поттикнува развој на математичко изразување, развивање на логичко размислување и решавање на проблеми, знаења за количина, бројки и броење, како и способност за класификација и серијација

- Наука – децата стекнуваат информации за средината преку набљудување и манипулација: ги набљудуваат и опишуваат карактеристиките на живиот свет и неживата природа.
- Уметност - уметничкото изразување е многу важна компонента во развојот на детската личност и детскот искуство. Децата имаат можност на различни да ја развиваат својата фантазија и креативност и на тој начин учат како да ја изразат својата индивидуалност, своите интереси, способности и вештини.Тие на свој автентичен начин имаат можност да ги изразт своите чувства преку музика, театар, цртање и движење.

### *4.6. Креирање стимулативна средина за играње и учење*

Образованието во 21 век пред себе има поставено многу поинакви задачи од традиционалниот модел на образование и воспитание. Доколку го следиме когнитивниот развој на детето кој се однесува на стекнување на вештини многу е важно да воспитниот тим создаде средина и атмосфера во занималната каде што децата ќе се чувствуваат слободни да го изразат сопственото мислење, да веруваат во себе, во своите другарчиња, да соработуваат, да ги почитуваат останатите и да бидат успешни.

Воспитувачите треба да ја познаваат, разбираат и прифаќаат теоријата како децата до 6 годишна возраст учат низ игра. Кога воспитувачите ја прифаќаат и разбираат теоријата за детскиот развој тогаш тие знаат дека децата имаат потреба на прилагодување на срдината - околината за игра и учење, а со тоа всушност тие прават успешна стратегија за подобрување на индивидуалниот развој на секое дете.

Многу е важно да воспитниот тим создаде средина и атмосфера во занималната каде што децата ќе се чувствуваат слободни да го изразат сопственото мислење, да веруваат во себе, во своите друграчиња, да соработуваат, да ги почитуваат останатите и да бидат успешни.

Во занималните во установата, воспитно-образовната работа од областите на социо-емоционалниот развој, моторички развој, физичко воспитание, здравствено воспитание, интелектуален развој, комуникација и творештво, се реализираат во центри за активност. Центрите за активност претставуваат структуиран простор кој на децата им овозможува да играат и учат на различен начин. Играта во центрите за активност претставува таков вид на ,, учење,, кој им овозможува на децата да ги изразат своите идеи, мисли и ставови, а на воспитниот тим да ја исполни својата суштинска улога која се состои во давање помош и координација на играта. Овој начин на игра им овозможува на децата постојано стекнување на комуникациски вештини надминувајќи ги при тоа конфликтните ситуации кои се случуваат како последица на различните размислувања или интереси. Бројот на центрите за активност е променлив. Истиот варира и се прилагодува на потребите на програмата, интересите на децата како и воспитно- образовните цели кои се поставени за реализација.

#### *4.6.1. Литературен центар за игра и учење*

Литературниот центар содржи сликовници, книги, списанија, разновидна детска литература и во него се планираат активности за слушање, читање и разгледување. Овој простор е тивок и во него децата можат да го разгледуваат сето она што го привлекува нивното внимание. Литературното катче во поголемиот дел од занималните е збогатено со перничнња, фотелји или клупи обложени со мек материјал за да децата се чувствуваат пријатно додека претстојуваат во него.

### *4.6.2. Манипулативен центар за учење*

Активностите во овој центар им помагаат на децата да ги развијат своите интелектуални способности, малите мускули и координација на окото со раката.

Овој простор содржи игри кои што ќе им помогнат на децата да научат да спојуваат сродни предмети, да бројат, да вметнуваат, да класифицираат како и да вежбаат примена на математичка терминологија. Кога децата ги делат и позајмуваат дрвените форми, кога ги споделуваат и решаваат проблемите тогаш децата ги развиваат своите социјални вештини. И оваа година како и претходните овие центри ќе ги збогатиме со тридимензионални форми ( коцки, квадари, конуси, пирамиди, цилиндри во разни големини) со коишто децата ќе можат да прават измислени или реални структури како што се згради, градови, фарми и зоолошки градини. Често пати овој центар како простор се дополнува со разни мали или поголеми играчки како што се превозни средства, домашни или диви животни и разни други работи што децата можат да ги замислат и придонесуваат да се развијат нивните способности.

### *4.6.3. Уметнички центар за игри и учење*

Овој простор го поттикнува креативното размислување и изразување, во него се развиваат способностите за ликовно изразување, разрешување проблеми, комуницирање (вербално и невербално), самопочитување, се развиваат ситните и крупните мускулни движења и интелектуалните способности.

Овој центар секогаш е активен дел од занималната зошто истото ги поттикнува децата да ја развиваат и истражуваат сопствената креативност, да се забавуваат со нови материјали и да доживуваат нови сетилни искуства. И оваа година центрите ќе бидат збогатени со нови потрошни, природни материјали кои лесно може да се најдат во непосредната околина. Уметничките центри содржат и дополнителни упатства за користење на различни средства и материјали при изработка на цртежи, слики, колажи и други изработки преку кои децата можат да ја изразат својата креативна моќ и фантазија.

### *4.6.4. Семејно – драмски центар за игра и учење*

Семејно-драмското катче е задолжително за децата од предучилишна возраст. Воспитниот тим ги планира, дополнува и менува реквизитите што ги користат децата во овој простор. Една недела може да бидат поставени реквизити

кои ќе опфатат активности за миење, другата недела реквизити за коса, понатаму реквизити за негување на домашни животни, а веќе следната недела други реквизити, зависно од интересот на децата. Во состав на ова катче можат да се постават и реквизити за готвење.

Разновидните проекти за готвење се особено интересни и забавни за децата и овозможуваат децата да учат нови концепти, да пробаат нова храна, да ја јаадат храната која самите ја приготвиле. Во семејно-драмското катче треба да има облека и реквизити со коишто децата ќе можат да играат различни улоги, да го изведат она што го гледаат во својот живот, што ќе им помогне да го разбере светот околу нив.

### *4.6.5. Научно-истражувачки центар за игра и учење*

Во овој центар можат да се откријат работи за кои децата предходно воопшто не размислувале.

Научно-истражувачкиот центар е место каде што децата ќе ги изведуваат своите експерименти и истражувања, место каде што децата тргнуваат во научно истражување.Децата можат да истражуваат за се она што го опкружува, но доста често се мотивирани да истражуваат и за теми кои се атрактивни и не секојдневно за нив пр.” Ние во светот на музиката”,” Вселента –што е тоа?”,” Што е филмска лента” и многу други непознати облсти за децата.Активностите испланирани за научно-истражувачкиот центар често се изведуваат и надвор од занималната, кога децата се упатуваат на истражување и набљудување во непосредната околина.

### *4.6.6. Компјутерски центри*

Работењето на компјутер е предизвик за децата, а исто така и големо задоволство кога ќе успеат да совладаат некој проблем.Задоволството е уште поголемо кога својот успех ќе можат да го споделат со другарчињата и со возрасните.

Компјутерите претставуваат средство за работа и извор на информации како за воспитниот тим така и за децата. Учејќи на овој начин, децата ги развиваат своите сетила, а воедно развиваат широк опсег на знаења и вештини.Со помош на компјутерите децата можат да ги развиваат јазичните и математичките вештини, да ги сватат причинско-последичните односи, да решаваат проблеми и креативно да се изразуваат. Користењето на компјутерите го поттикнува социо-емоционалниот развој. Совладувајќи ги компјутерските вештини децата можат да ја зголемат самодовербата. Работењето заедно им помага на децата да ги развијат своите социјални вештини, да разменуваат мислења и идеи, да преговараат и да се договараат.

Секако ќе се внимава да работата на компјутерите во никој случај не одзема многу време од секојдневието на детето во градинката, ниту ќе го намали времето предвидено за задолжителните програмски активности, туку напротив неговата употреба ќе биде строго организирана и контролирана.

## 5. ТЕКОВНО И ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ

За успешно реализирање на Програмата за работа на градинката, Директорот постојано ќе ги следи законските промени, реформите во системот за образование, реформите во сферата на детската и социјалната заштита и сите економски движења за да реагира благовремено и обезбеди потребни услови за непречено функционирање на градинката и ќе се се заложува за формирање центри за учење.

Континуирана соработка со Локалната самоуправа, Министерството за труд и социјална политика и Бирото за развој на образованието на РМ. Навременото договарање и заедничкото планирање на финансиските средства, менаџирање и поврзаност со други организации кои можат фиансиски да помогнат на Установата и вклучување во проекти кои ќе ја унапредат работата и се од суштинско значење за наредниот период.

Во тековната  2023/24 година ќе се направат напори за доопремување на занималните со:

- Реновирање и доуредување на занималните;
- Набавка на специјализиран дидактички и игровен материјал за децата;
- Набавка на нови спорски реквизити за дворот од градинката;
- Сменување на санитарија во вецињата.
- Замена на прозори со нови термо прозори и замена на влезни врати со нови;
- Поставување на тремо изолациона фасада на градинката.

## 6. ВИЗИЈА НА ГРАДИНКАТА

ЈОУДГ – “Гонча Туфа“ во иднина ја гледаме како современ дом за сите деца, особено вклучувајќи ги децата од руралните средини, како и социјална инклузија за загрозени целни групи. Со континуирано одржување и обновување на постојниот објект и максимално искористување на просторот во истиот ќе придонесеме за  целосно згрижување на децата во општината.

За развој на нашата градинка сметаме дека е потребно да се спроведат повеќе активности и тоа:

- Обезбедување на стручниот кадар
- Работа на енергетско ефикасни проекти
- Едукација кај децата и родителите и подигање на еколошката свест за глобалните еколошки проблеми
- Афирмација на градинката
- Вклучување на родителите и претсавниците на општествената заедница и бизнис секторот во животот на градинката
- Изучување на воспитно образовните содржини преку што поголем број посети и прошетки

- Вклучување на идеите на родителите во Програмата за работа на градинката, согласно со законот.

Ќе продложиме континуирано да го зголемуваме квалитетот на воспитно образовниот процес преку:

- Овозможување на професионално унапредување на стручниот кадар
- Современа, модерна, ефикасна и квалитетна развојна средина, присопособена според потребите и интересите на децата и нивните семејства, а втемелена на заемното дејствување меѓу градинка - дете – општествена средина;
- Зголемување на разновидноста и достапноста на различни видови на стручно усовршување;
- Селектирање на приоритетот, врз кој што се фокусираат активностите на воспитно – згрижувачкиот тим.

Од досегашното искуство како и сознанијата добиени или стекнати од искажувањата на родителите на децата како и ставовите и мислењата на членовите на стручните тимови, укажуваат дека со успешната реализација на Програмата, децата ќе развијат сопствен пристап и стил кон учењето користејќи разни форми и извори на информации со цел да се изградат во комплексно оформени личности спремни да се соочат со предизвиците на новите општествени – демократски процеси.

ВД Директор

**Доага Даниела**